# ТРАНСПОРТ ЛОГИСТИКА

ИНФОРМАТИВЕН И ЕДУКАТИВЕН МЕСЕЧНИК

ISSN 1857-7962 ▪ БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК ▪ број 152-153 ▪ јули/август 2018 ▪ www.amerit.org.mk

## ИНТЕРВЈУ



**М-Р ИВАН ИЛИЕВСКИ**

раководител за развој во МОТО АМЕРИТ

**ЗАДОВОЛСТВОТО НА КЛИЕНТИТЕ Е НАША ПРВЕНСТВЕНА ЦЕЛ**




## АКТУЕЛНО

Во соработка со РСБСП, МВР и Град Скопје

**СИЗ „МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ“ – АМЕРИТ АКТИВЕН УЧЕСНИК И ВО НАЈНОВАТА КАМПАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ**

## ТЕМА НА БРОЈОТ

Транспортерите и нивната грижа и обврска за техничката исправност на возилата

**„ЦЕЛО Е КОГА ИМА СЀ“ – И СЕРВИС, И ОДРЖУВАЊЕ И ПАРКИНГ!**

# ОНАМУ КАДЕ ШТО СТЕ ВИЕ.







АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

MakedonijaSoobrakajAMERIT

ул. „1506" бр.22, Момин Поток, 1000 Скопје | тел: 02/ 32 98 967 | www.amerit.org.mk

# 5 ГОДИНИ ГАРАНЦИЈА НА ПОГОНСКА ГРУПА








TRAEKT.MK



РЕЗЕРВАЦИЈА НА ТРАЕКТ, ТУНЕЛ, МОСТ, ВОЗ
ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ

Тел: **02 32 98 967** | e-mail: **traekt@amerit.org.mk** | **www.traekt.mk**

# РЕГИСТРИРАЈ СЕ НА ВИСТИНСКОТО МЕСТО

▪ ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД И РЕГИСТРАЦИЈА НА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА ▪ МЕЃУНАРОДНИ ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ ▪ АТП ПРЕГЛЕД ▪ ОДОБРЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ТУЃО МОТОРНО ВОЗИЛО ▪ КАЛИБРАЦИЈА НА ДИГИТАЛНИ И АНАЛОГНИ ТАХОГРАФИ ▪ ИЗДАВАЊЕ НА ПРОБНИ ТАБЛИЧКИ И ПОТВРДА ЗА ПРОБНО ВОЗЕЊЕ ▪ СИТЕ ВИДОВИ НА ОСИГУРУВАЊЕ ОД СИТЕ ОСИГУРИТЕЛНИ КОМПАНИИ ▪

ул. „1506“ бр. 22, Момин Поток, 1000 Скопје | тел: 02/ 32 98 967 лок. 113

MakedonijaSoobrakajAMERIT | www.amerit.org.mk

МОТО АМЕРИТ

## АКТУЕЛНО



8

Во соработка со РСБСП, МВР и Град Скопје

**СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ активен учесник и во најновата кампања за безбедност во сообраќајот**

## ТЕМА НА БРОЈОТ



9

Транспортерите и нивната грижа и обврска за техничката исправност на возилата

**„Цело е кога има сè“ – и сервис, и одржување и паркинг!**

## ИНТЕРВЈУ



15

м-р Иван Илиевски,
раководител за развој во МОТО АМЕРИТ

**Задоволството на клиентите е наша првенствена цел**

### 12 АКТУЕЛНО

Пред новиот есенски циклус на предавања и испити за добивање на неопходните сертификати

Центарот за обука на АМЕРИТ е подготвен за доосручување на транспортните кадри

14 Конечно и во македонскиот туристички бисер

Во Охрид е отворена новата автобуска станица на „Делфина турс“

### 18 ЛОГИСТИКА

TimoCom успешна приказна

Како овошјето и зеленчукот ни пристигнуваат свежи на трпезариската маса?

### 20 ЦАРИНА

Со неодамнешната работна средба во Загреб

Потврдена е успешната соработка на царинските служби на Македонија и Хрватска

21 Со цел олеснување и поголема безбедност на трговијата со пратки

Потпишани меморандуми за соработка со Асоцијацијата за е-трговија и ДХЛ-експрес

### 22 ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Финални преговори со кинески „Синохидро“

Наскоро готов нов анекс на договорот за автопатот Кичево – Охрид

### 24 МЕРИДИЈАНИ

Колку политичката борба и трговската соработка функционираат заедно?

Разговорите и компромисот му го отвораат патот и на транспортот

### 27 ЛОГИСТИКА

МАН Импортер Македонија на македонскиот пазар го пласира новиот МАН туристички автобус

Моделот R07 го пронајде својот прв сопственик во Македонија – „Екстра Бус“ од Кавадарци

### 28 БЕЗБЕДНОСТ

Во јули и август е реализирана сообраќајно-едукативната кампања „Не летај, летувај“ на РСБСП и МВР

И летово повеќе активности за помалку жртви на нашите патишта

29 РСБСП со совети за оние што возат сами на подолг пат

Бидете подготвени, организирани, сконцентрирани и не ги потценувајте опасностите во сообраќајот!



ТРАНСПОРТ И ЛОГИСТИКА

АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

Адреса:
бул. Партизански одреди 17/4, 1000 Скопје
Телефон: 02 32 98 224
Факс: 02 32 98 968
e-mail: amerit@amerit.org.mk
web: www.amerit.org.mk
facebook: MakedonijaSoobrakajAMERIT
жиро-сметка: 320100023724261
Депонент: Централна кооперативна банка АД
Даночен број: 4030000394212

ТЕКСТОВИТЕ И ФОТОГРАФИИТЕ НЕ СЕ ВРАЌААТ

Адреса:
ул. „1506“ бр. 22, Момин Поток, 1000 Скопје
Телефон: 02 32 98 967
Издава:
СИЗ Македонија сообраќај АМЕРИТ
Подготвува и уредува:
Здружение за комуникација со јавноста „Контакти“ - Скопје
Дизајн и печатење:
НЕКСТ ПРИНТ ДИГИТАЛ, Скопје
Лектура:
Матилда Саздова

ASSOCIATE TRAINING INSTITUTE IRU

АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

## [ СЕПТЕМВРИ ]

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ВОЗАЧИ** | | | |
| **ОБУКА** | Среда | 29.08.2018 | [ 10 ч. ] |
| **ПОЛАГАЊЕ** | Вторник | 04.09.2018 | |
| **ОБУКА** | Среда | 12.09.2018 | [ 10 ч. ] |
| **ПОЛАГАЊЕ** | Четврток | 20.09.2018 | |
| **УПРАВИТЕЛИ** | | | |
| **ОБУКА** | Петок | 31.08.2018 | [ 10 ч. ] |
| **ПОЛАГАЊЕ** | Петок | 07.09.2018 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **АДР** | | | |
| **ОБУКА** | Четврток | 30.08.2018 | [ 10 ч. ] |
| **ПОЛАГАЊЕ** | Четврток | 06.09.2018 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **АДР СОВЕТНИЦИ** | | | |
| **ОБУКА** | Четврток | 13.09.2018 | [ 10 ч. ] |
| **ПОЛАГАЊЕ** | Петок | 21.09.2018 | |





ЦЕНТАР ЗА ОБУКА | СЕРТИФИКАТИ | МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И АКРЕДИТАЦИИ

АМЕРИТ
ЦЕНТАР ЗА ОБУКА

тел. 02/ 32 98 967 лок.130
e-mail: obuka@amerit.org.mk

Во соработка со РСБСП, МВР и Град Скопје




# СИЗ „МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ“ – АМЕРИТ АКТИВЕН УЧЕСНИК И ВО НАЈНОВАТА КАМПАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ

Од СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ потенцираат дека безбедноста во сообраќајот е исклучително важен аспект и за комерцијалниот транспорт, поради што се редовни учесници на безбедносните кампањи на РСБСП и партнерите

„Тргнаа на летување, а летнаа во провалија... Иван (24) и Ана (19) го загубија животот во сообраќајна незгода...“ – со оваа порака и со неодамнешното поставување искршено, парчосано возило во Градскиот парк во Скопје, РСБСП, МВР, СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ и Град Скопје преку визуелен приказ предупредуваат за опасностите што со себе ги носи неодговорното, несоодветното и несовесното учество во сообраќајот. Воедно, тие ја продолжуваат кампањата за подигнување на свеста кај возачите, под мотото „Не летај, летувај!“ Скршеното возило е поставено кај фонтаната во Градскиот парк во Скопје и ќе биде на оваа локација сѐ до завршувањето на летото.

Давајќи сестрана поддршка и вклучувајќи се активно во оваа сообраќајна кампања, предводена од РСБСП, со кого пред три години потпишаа меморандум за соработка, од СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ потенцираат дека безбедноста во сообраќајот е исклучително важен аспект и за комерцијалниот транспорт, каде што навистина дисциплината на професионалните возачи е на значително повисоко ниво, но треба да се знае и дека бројот на жртвите, на повредените и на материјалните штети е многу поголем.

– Затоа, редовно ги поддржуваме ваквите кампањи и акции и сме ниван активен чинител, со цел да апелираме и до професионалните возачи да го дадат својот придонес за поголема безбедност во сообраќајот на патиштата – истакнуваат во СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ.

Примарна цел за автентично прикажување на последиците од неодговорното и несоодветно учество во сообраќајот со фатален крај е подигнување на свеста кај возачите за безбедно, одговорно и смирено учество во сообраќајот. Само на ваков начин, возачите кои ќе се вклучат во сообраќајот, ќе имаат безбедно патување до посакуваната дестинација, а личниот живот и животот на другите патници ќе бидат заштитени. Затоа, РСБСП уште еднаш ги потсети возачите дека возењето под дејство на алкохол и со брзина поголема од дозволената се најчестите причини за сообраќајни незгоди во перидот на годишните одмори. Возилото е поставено во Градскиот парк бидејќи токму таа улица е најфреквентна во Скопје, улица по која младите најчесто се движат во текот на ноќните часови.

– Како Совет надлежен за безбедноста во сообраќајот на патиштата во Република Македонија, правиме максимални напори, низ кампањи, со совети и преку медиумски презентации да влијаеме на квалитетот на движење по патиштата, на почитување на сообраќајните правила и прописи и секако, на заштита на човечкиот живот. Искрено, сметаме дека иако вистинските прикази се тажни и болни, сепак тие се единствениот начин да покажеме дека една минута невнимание може да значи изгубен живот – велат од РСБСП.

Според статистиката на МВР, вкупно 155 лица го загубиле животот во сообраќајни незгоди во 2017 година. Во нив, голем број се млади лица на возраст од 15 до 40 години, односно трагичната бројка е 66 загубени, млади животи. Статистиката покажува и дека минатата година, речиси секојдневно се случувале сообраќајни незгоди со фатални последици – 4.020, а најголемиот дел од нив – 438 се случиле во месец јули. Статистиката говори дека и оваа година повеќе од 65 лица загинале на патиштата во Македонија.

Затоа, од РСБСП апелираат до сите учесници во сообраќајот да возат внимателно, да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи и претпазливо да се вклучуваат во сообраќајот, и уште еднаш порачуваат и предупредуваат: – Не дозволувајте моментите за уживање да завршат фатално!

Ј. Б.

Транспортерите и нивната грижа и обврска за техничката исправност на возилата



# „ЦЕЛО Е КОГА ИМА СÈ“ – И СЕРВИС, И ОДРЖУВАЊЕ И ПАРКИНГ!

Сè почесто поголемите транспортни фирми во земјава отвораат свои сервиси и служби за одржување на возилата што ги користат, а обезбедуваат и сопствени паркиралишта за нив со неопходната инфраструктура

Кабина на камион наведната кон напред, зад неа маж во работнички комбинезон, целиот измрсен во рацете и по делови од лицето, работи нешто со куп француски клучеви. Притоа, тој довикува нешто некому кој е под камионот, а кому горниот дел од телото не му се гледа. Само нозете му штрчат надвор од под задниот долен дел на влекачот, кој е поставен над канал, формиран од работ на асфалтираната улица и од мало брдо од мешавина на крупен камен, песок и земја на метар од неа. Гумата од едното тркало е извадена и неговата осовина е потпрена на голем трупец, за кој со тенка жица, но и арматура е врзана голема камионска дигалка. Целиот овој декор на отворено, лоциран на една маалска градска улица, го надополнуваат неколку стаклени шишиња од пиво, канти со масло и вода, расфрлан алат, неколку купчиња стари и нечисти партали со кои евидентно се бришеле двајцата мајстори. Во исто време, по крајот на улицата во должина од десетина метри се поставени поситни и покрупни делови од камионската кабина, а целата оваа необична глетка ја надополнува огромна темна локва од масло и нафта што разлеана сјае на улицата од силното сонце. На десетина метри од местото на овој интересен работен настан, се наоѓа приколката што евидентно ја влече влекачот на камионот, се разбира кога е исправен и во полна погонска подготвеност, а кој двајцата мајстори така ревносно го поправаат во тој момент.

Сценава беше честа, би рекле редовна глетка, сè до пред малку повеќе од 1,5 до две децении. Кога делови од улиците, некои мали крајпатниували и разно-разни и на секаков начин формирани дупки, беа практично места и локации составен дел на своевидни автомеханичарски работилници на отворено, покрај оние што ги имаше и во делови од гаражи, куќи, згради, а многу често и во разни шупи, хангари од плех и даски, покриени со стари и искинати, па лепени или рачно шиени пластични или платнени камионски церади. И сите тие беа места каде што се вршеа најначајните технички операции и активности за сервисирање и одржување како на комерцијалните возила, камиони, автобуси, комбиња и минибуси, а се разбира и на патничките автомобили. Токму делови од маалата или од улиците во периферните населби, но и разни ледини, запуштени градски реони, па и необработени ниви, беа своевидни паркиралишта за голем број од возилата на македонските патни транспортери.

Денес, таквите слики, сцени и глетки се не само невообичаени туку и незамисливи, за што придонесуваат и законските прописи, со кои се регулираат барањата на надлежните не само во Европа и во светот туку и кај нас за посветување многу поголемо внимание на техничката исправност на возилата, на безбедноста на патниот сообраќај, а сè повеќе и сè понагласено и за еколошката страна и димензија на патниот транспорт со комерцијалните возила. Токму поради тоа, практично од година во година, сè построги се критериумите и барањата на меѓународните тела и владите во светот, како и нивните надлежни министерства, под чија капа е патниот транспорт, стриктно да се придржуваат до ваквите препораки и соодветно на нив да ја хармонизираат, па и унифицираат во пошироки рамки, својата регулатива со која се пропишуваат во детали сите неопходни операции во делот на техничките прегледи (редовни и вонредни), како и сервисирањето и одржувањето на комерцијалните возила, но и нивното паркирање. Сето тоа, е составен дел и на нашите домашни законски прописи, како: Законот за патен сообраќај, Законот за возила и се разбира Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата, кои, секој од своја страна, низ законските одредби што ги содржат, на највисоко ниво, односно на пиедестал ги поставуваат овие работи и каде што, ама ни најмалку не се остава простор за импровизации и се инсистира на професионализам и користење овлас-



**Годишно транспортерите вршат по два технички прегледи на влекачите и приколките, по еден редовен годишен при регистрацијата и плус еден при аплицирањето за добивање ЕСМТ транспортни дозволи**

тени сервиси на производителите на возила или на сервиси кои мора да имаат нивни овластувања и врвни сертификати и лиценци. Во спротивно, казните и глобите се огромни (и по неколку илјади евра) а се разбира има и исклучување од сообраќајот, на што следуваат загубени транспорти и договори со комитентите.

Токму од тие причини, а со оглед на тоа дека пред сè сервисирањето и одржувањето на возилата е и сериозен годишен трошок, сега кај нас, покрај овластените сервиси на светски познатите производители на комерцијални возила, односно на камиони, комбиња, автобуси и минибуси, поголемите транспортери веќе подигаат и сопствени сервиси. Според некои проценки, тие стануваат неопходност штом еден транспортер ја достигне бројката од десетина возила и се разбира ако постигнал добри договори, ако има долгорочно обезбедена работа, при што возилата ќе бидат нон-стоп на пат. Оттука, во согласност со онаа познатата „цело е кога има сè", поголемите домашни транспортери сè почесто се решаваат во своите организациски целини да имаат и сопствени сервиси и служби за одржување на возилата што ги користат.

– Ние сме поголема транспортна фирма, со скоро 50-тина возила и имаме своја служба за нивно одржување, односно сервис за сопствени потреби, а од возила поседуваме: влекачи, приколки и работни машини – вели Орце Давчев, консултант за транспорт и економски прашања во „Тргошпед транс" од Велес. Имаме и свој сопствен паркинг, а поради експанзијата и зголемениот возен парк, сме во фаза на изградба на нов сервис и канцелариски простории надвор од градот, крај автопатот за да не влегуваме и да го загадуваме Велес. Инаку, имаме модерни возила, од кои дури 30-тина се „Еуро 6", што значи најнови и сè додека се под гаранција тие се сервисираат и одржуваат во овластените сервиси на нивните производители, од кои и сме ги набавиле. Во овој наш транспортен сегмент, во последните две - три години постари се само возилата што возат во билатерала, главно кон Грција, а оние другите што одат кон Европа се најмодерните и со највисокиот „Еуро 6" стандард, иако морам да кажам, дека понекогаш и самиот се чудам кога ќе видам што сè се тркала по нашите патишта. Сепак, како компанија со најмодерни возила имаме забелешки дека иако ги исполнуваме сите услови и располагаме со 30 „Еуро 6" возила добиваме само три ЦЕМТ-дозволи, а некој има само три „Еуро 6" возила и исто така тој добил три ЦЕМТ-ови. Како што гледаме и слушаме, тоа е основа за многумина транспортери да работат преку Бугарија. Оттука, и ние сме во групата на транспортери, кои бараат поправедна и посоодветна процентуална застапеност на ЦЕМТ-овите, со доследна примена на критериумите за нивната распределба – нагласува Давчев.

Во транспортерите од оваа категорија спаѓа и „Зиго Шпед" од Радовиш, која пред извесно време си обезбеди сопствен сервис, одржување и паркирање. – За разлика од порано, кога не располагавме со сопствена инфраструктура за транспортните капацитети, па користевме паркиралишта под закуп, како и услуги за одржување и сервисирање на возилата што ги добивавме од други специјализирани фирми, сега имаме и сопствен паркинг, како и свој сервис и мијална за возилата – истакнува Зоран Мицев, сопственик на радовишки „Зиго Шпед".

– Израснавме како компанија, достигнавме 25 возила и имавме потреба од комплетен паркинг, со сè на едно место. Инаку, ќе моравме да паркираме по улици. Станува збор за инвестиција, која е значен финансиски издаток и која ја реализирав неколку години, од барање на плац, до негово средување, градење објекти и опремување така што сега имаме свој сервис, свое одржување и паркирање на возилата. За новите возила, кои се под гаранција, се разбира, користиме овластени сервиси од производителите на возилата, а за постарите возила, издатокот за овие неопходни потреби секако зависи од нивната старост и од амортизираноста – наведува Мицев, кој напоменува и дека техничкиот преглед на возилата игра голема улога во однос на нивната погонска и сообраќајна подготвеност, околу нивната и безбедноста на другите учесници во сообраќајот, поради што при регистрацијата се регистрира влегувањето на возилото со камери. – Не верувам дека



во нашата држава сè уште се случува, возило да не отиде на технички преглед, а да добие годишна регистрација. Можеби можело така пред години и години, но сега веќе не – додава Мицев. Околу овие интересни прашања и аспекти врзани

**Додека поголемите превозници во сè поголем број го решаваат проблемот со сопствен сервис, одржување и паркирање, помалите и натаму го користат принципот на снаоѓање за регулирање на овие задолжителни законски обврски**

за сервисирањето, одржувањето, па и паркирањето на возилата на превозниците разговаравме и со еден помал транспортер, Влатко Станисавовски, сопственик на транспортната фирма „Дионик“ од Скопје, со четири возила што ги одржува во овластените сервиси на МАН и ДАФ, при што, како што вели нашиот соговорник, три од возилата се нови и се под гаранција и мора да се сервисираат и одржуваат на тој начин. Притоа, тој појаснува дека постаро возило има поголем трошок за оваа



намена, при што кај помалите фирми за тоа најчесто се бараат мајстори, механичари од постарите и поголеми сервиси, а кои таа услуга ја вршат и надвор од сервисот во кој се вработени. Тој посочува дека дури и поголемите транспортери, со над десет и повеќе возила, иако имаат сопствени сервиси, сепак, не ги сервисираат и средуваат сите свои возила во нив што зависи од тоа кои возила ги имаат во својот возен парк, а за кои се специјализирани нивните сервиси да вршат сервисирање и одржување. Притоа, тој наведува и дека транспортерите, патните превозници, во глобала, годишно извршуваат по два технички прегледи, поточно еден редовен и задолжителен при регистрацијата, но и уште еден еко ЕСМТ технички преглед, некаде во втората половина на годината кога аплицираат за транспортни дозволи.

– Всушност, финансиски гледано, тоа се четири технички прегледи, кои се врзани со евентуални сервисирања и подготовки на возилата, зашто станува збор за по два контролни прегледи на влекачите, но исто толку и на приколките. Кога веќе ја споменавме финансиската страна на оваа задолжителна операција, за возило со старост од седум до 10 години, тоа е издаток од околу 3.000 евра по возило годишно зашто станува збор за замена на масло, филтри, а секогаш ќе излезе и нешто плус дополнително и непланирано. Кај АДР-возилата за транспорт на опасни материи, тие мораат на вакви контролни прегледи на секои шест месеци, но од друга страна за нив не се потребни транспортни дозволи, најчесто во една насока се празни и пред сè возат во билатерала, главно во регионот, односно до соседните земји. Што се однесува на законската обврска за задолжително обезбедување на паркиралиштата, кога возилото не е на пат, ние помалите превозници, тоа најчесто и во најголем број, го регулираме и реализираме по паркинзите на бензинските пумпи, што е месечен издаток од 1.000 денари од возило, односно од паркинг-место. Поголемите превозници, се разбира, користат свои паркиралишта зашто инаку би ги блокирале бензинските со своите многу побројни возни паркови – вели Станисавовски. **Ј.Б.**

**Од 11 август**

## Намалени казните и глобите за царинските прекршоци

Намалување на глобите за царинските прекршоци и воведување мандатен платен налог се дел од измените на Царинскиот закон, што стапија во сила од 11 август, а со кои, според директорот на Царинска управа на Македонија, Ѓоко Танасоски, се излегува во пресрет на барањата на бизнис-заедницата.

– Мандатните казни во голем дел се сведоа на намалување, односно од 250 евра се сведоа на 50 евра и исто така од 50 евра на 15 евра за физичко лице – изјави Танасоски, кој информира дека ова се однесува на лесни прекршоци што се од техничка или од административна природа, но кои достигнувале високи суми кои требало да ги плаќаат фирмите, а кај средните прекршоци, што се со фискален ефект, фирмите сега имаат можност да го оспорат прекршокот и да се жалат до Царинската управа, па до Државната комисија и до Управниот и Вишиот управен суд. Со ова, според директорот Танасоски, се намалува просторот на субјективност и корупција.

По основ на глоби и мандатни казни, Царината лани наплатила 1,3 милиони евра, а од почетокот на годинава 442 илјади евра. Од почетокот на оваа година до 31 јули, Царината наплатила буџетски приходи при увоз и внатрешен промет 790 милиони евра, при што е забележан раст од 11,9 проценти во однос на истиот период лани, а во однос на планираното има раст од 4,8 проценти. Растот се бележи кај сите категории и по основ на царина, ДДВ при увоз, акцизата, како и кај надоместоците, при што приходите по однос на ДДВ при увоз се зголемени за 12,5 проценти, а од акциза 11,18 проценти.

Инаку, Царинската управа, со најавените измени на Законот за банки ќе добие право да



изврши блокирање на банкарската сметка на физичкото лице, кое има одреден царински долг. Како што појасни Танасоски, досега постапката се вршела преку УЈП бидејќи немало законска основа да побараат блокирање на сметката директно во банка.

– Со измените, што се бараат во Законот за банки, Царинската управа не бара увид во трансакциските сметки на физичките лица, туку едноставно Управата бара да постапи согласно со својата надлежност според Царинскиот закон да изврши присилна наплата кон физички лица кои имаат одреден долг кон Царинската управа – изјави Танасоски, додавајќи дека и досега процесуирале барања до банките, но добивале одговор дека нема законска основа по која може да се изврши блокирање на сметката на физичкото лице. Во моментов, според податоците на Царината, има околу 100 физички лица со царински долг од два милиони денари, за кои од банките би требало да се побара блокирање на трансакциските сметки.

Пред новиот есенски циклус на предавања и испити за добивање на неопходните сертификати



# ЦЕНТАРОТ ЗА ОБУКА НА АМЕРИТ Е ПОДГОТВЕН ЗА ДООСТРУЧУВАЊЕ НА ТРАНСПОРТНИТЕ КАДРИ

Во Центарот за обука при СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ, од септември, поинтензивно ќе започнат повеќето типови обуки за стекнување нови знаења и вештини на возачите, менаџерите и другите транспортни кадри од превозните фирми во земјава

Центарот за обука при СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ, кој одбележува 11 години од своето постоење, на крајот од оваа годишноодморска сезона е наполно подготвен за новиот есенски циклус теоретски предавања и практични обуки за доостручување со нови вештини и знаења на транспортните кадри од превозните фирми во нашата земја. Овие обуки поинтензивно ќе започнат во почетокот на септември, во новите простории, на пред две години отворениот нов деловен објект на АМЕРИТ, лоциран во скопската населба Момин Поток. Тие се опремени со нова и модерна опрема, а во нив предавањата и обуките ги вршат предавачи и тренери со меѓународно признаени акредитации, издадени од Академијата за обуки на Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ, најголемата транспортна асоцијација во светот, чија членка е и АМЕРИТ од 1993 година.

– Во нашиот Центар за обука, како прв, најголем и најопремен центар во нашата земја, овластен од страна на Министерство за транспорт и врски, се вршат обуки на професионалните возачи кои учествуваат во меѓународнот патен транспорт, потоа обуки на управителите на транспорните компании, па АДР-обуки на возачите кои вршат превоз на опасни материи, како и обуки на советници за превоз на опасни материи. Со овие обуки, се врши доостручување и подигнување на повисоко ниво на подготвеност на транспортните кадри. Освен споменатите обуки, за кои постои законска обврска, односно за кои Законот за превоз во патниот сообраќај предвидува поседување на сертификат, како неопходност за добивање на лиценца за извршување на транспортната дејност, во нашиот Центар, се вршат и други видови обуки и тоа: запознавање за часовите за возење и одмор на професионалните возачи, и во тој контекст за употребата на дигиталните тахографи – вели Хајдин Синани, раководител во Центарот за обука на СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ.

Треба да се напомене дека Центарот за обука на АМЕРИТ од 2010 година е дел од Академијата на ИРУ, која се занимава исклучиво со развој и примена на најсовремени техники и програми за обука на транспортните професионалци во светот. Благодарение на нив, во Центарот за обука на АМЕРИТ, во текот на изминатите 11 години се обучени преку 20.000 кандидати, кои потоа се стекнале со потребните сертификати.



– За добивањето на сите тие сертификати, ние ги подготвивме, обучивме или остручивме овие транспортни кадри, кои речиси повеќе од половина од вкупниот број, се обучени и сертифицирани возачи и менаџери во земјава. Ова, доволно говори за нашата професионалност и подготвеност да одговориме на потребите за квалитетна, квалификувана и компетентна обука – истакнува Дејан Николовски, предавач и тренер за обука во Центарот на АМЕРИТ.

– Оттука, треба да напоменеме дека е особена чест што сме дел од оваа Академија на ИРУ, која е еден вид гаранција за квалитетот на обуките што се спроведуваат кај нас согласно со новите програми. Токму затоа, при реализацијата на новите програми, наш најголем предизвик е да ја пренесеме идејата кај транспортните компании дека обуката на возачите не треба да се смета исклучиво како трошок за компанијата. Напротив, таа е инвестиција во нивното идно работење. Ова е така бидејќи добро обучените професионалци во транспортот и логистиката не само што ќе придонесат за поекономично работење на одредена компанија на транспорниот пазар туку и ќе го подобрат имиџот на компанијата, а и на транспортната индустрија во целина – нагласува Николовски и додава дека трошоците што транспортните компании ги имаат издвоено за обуките на нивните возачи во Центарот на АМЕРИТ се пониски во однос на соседните земји, а значително се пониски и од тие на ЕУ.



зашто на крајот самите компании ќе бидат позадоволни од работата на своите транспортни кадри. Инвестицијата во нивните обуки ќе се врати повеќекратно – напоменува Николовски, според кого сето тоа, скоро во целост, е во согласност со сите барања од најновата ЕКМТ Повелба за квалитет на патниот транспорт во Европа, а што е добро што го следиме тој тренд. Мислиме дека оценувањето на знаењето по електронски пат е пообјективно, а единствен проблем се повозрасните лица, кои не се многу вешти во користењето на компјутер зашто некои од нив никогаш во животот не фатиле ни „маус“ во рака. Можеби треба да се размисли за оваа категорија на кандидати да постои и писмено тестирање за соодветно да можат да го остварат своето право на полагање –ециден е Николовски.

## Во изминативе 11 години, колку што постои Центарот за обука на АМЕРИТ, се обучени преку 20.000 кандидати, кои потоа се стекнале со потребните сертификати што се неопходни за вршењето на транспортната дејност

– Веќе реков и ќе потенцирам дека обуката на професионалните возачи не е и не треба да се смета како непотребен трошок за компаниите. Покрај другото, а не помалку важно, тие сакаат и подобрување на својот имиџ на европскиот транспортен пазар, кој од ден на ден е сè поконкурентен и посуров во однос на условите што треба да ги исполнува транспортниот сектор и секако превозните компании и другите фирми што се негов составен дел. Впрочем, која било светски успешна компанија, својот успех го припишува на својот кадар, па знаејќи го тоа, не штедат на постојаното едуцирање на својот персонал. За оние наши транспортни компании, што тоа порано или подоцна го сфатија, ваквиот издаток секогаш има економска оправданост и тоа не им е скапо, додека сите тие што на друг начин размислуваат, на крајот имаат поголема сметка за плаќање. Наш предлог е да не се штедат средства на соодветните професионални обуки за возачите, а се разбира и за менаџерите, па дури и за останатите лица што се индиректно вклучени во транспортот како диспечерите кои, што се однесува на центрите за обука и обемот на обуките, се имплементирани во новиот Закон за патен транспорт кај нас, па сега понатаму останува државата да биде доследна на она што го пропишала со закон и по пат на разни контроли да се елиминираат таканаречените тренинг-центри што не ги исполнуваат условите за вршење на соодветните обуки.

Кога станува збор за државата и пред сè за Министерството за транспорт и врски, кое е директно надлежно за овие активности, во Центарот за обука при СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ како позитивен го нагласуваат и фактот дека од пред неколку години се спроведуваат електронски испити на кандидатите што се оценува како нов, модерен и пософистициран начин на испитување на подготвеноста на кандидатите, кои сакаат да се стекнат со неопходните транспортни и други сертификати.

– Добро е што чекориме со времето зашто во секојдневието се среќаваме со достигнувањата на технологијата, така

Инаку, поради поставеноста на СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ, во која членуваат голем број патни превозници на стоки и на патници, некои од обуките во нејзиниот Центар за обука се вршат и бесплатно, а неретко транспортерите овде добиваат и многу потребни информации, формулари и друга неопходна документација.

– Секако, постојано сме отворени за транспортните компании, за на некој начин и со дополнителни услуги и информации да им го олесниме секојдневното работење. Освен многуте информации што транспортерите ги добиваат кај нас за својата работа, исто така, држиме и бесплатни обуки за работното време на возачите и обуки за можноста и начинот на употребата на тахографот, сметајќи дека тука се прават најмногу грешки кои понатаму резултираат со сериозни казни како за возачите, така и за компаниите. Едноставно, на сите заинтересирани, кои чувствуваат потреба од такви обуки или им е потребна помош, Центарот за обука на АМЕРИТ со задоволство ќе им излезе во пресрет, како на возачите, така и на другите транспортни кадри – вели Николовски. **Ј.Б.**

Конечно и во македонскиот туристички бисер




# ВО ОХРИД Е ОТВОРЕНА НОВАТА АВТОБУСКА СТАНИЦА НА „ДЕЛФИНА ТУРС“

**Новиот и модерен станичен објект, заедно со трговскиот центар, кој неодамна почна да се гради и со кој ќе биде во ист комплекс, се инвестиција од седум милиони евра и тие ќе бидат ново обележје на Охрид**

Македонскиот туристички бисер Охрид, конечно доби нова автобуска станица каква што му личи и каква што одамна заслужува. Но-виот станичен објект, кој е инвестиција на компанијата „Делфина турс“ од Скопје, на први август, го пушти во употреба претседателот на Владата, Зоран Заев, при што беше поставен и камен-темелник на трговски центар „Охрид Мол“. Автобуската станица е на истата локација, на влезот во Охрид, и ќе биде во комплекс со трговскиот центар, кој се очекува да биде готов идната година. Премиерот Заев нагласи дека инвестицијата во нив е вредна околу седум милиони евра и тие ќе бидат ново обележје на Охрид. – Како јавна администрација, независно дали државна или локална, ние ги продолжуваме сите убави работи почнати и пред нас, со што испраќаме порака до инвеститорите за стабилност во државата, свесни дека секој влез во слични инвестиции бара голема деловна храброст и вложувања – истакна Заев, изразувајќи задоволство што станува збор за домашна инвестиција, со која од една страна, се овозможува приход на локално и на државно ниво, се отвораат нови работни места, се создаваат услови за раст на платите, но и се испраќа порака на охрабрување за останатите потенцијални инвеститори. Нагласувајќи дека Охрид е убав град сам за себе, премиерот истакна дека за да се зголеми туристичката посетеност не треба да престане инвестирањето во неговиот развој. Затоа, со цел инфраструктурно Охрид да биде попристапен за сите гости, продолжува изградбата на автопатот кон Кичево, се рехабилитира делницата Кичево – Гостивар, а се работи и проектната документација за изградба на нов пат кон Ресен – рече Заев, најавувајќи владина поддршка на сите разнојни бизнис-планови.



Сопственикот на „Делфина турс“, Аднан Исмаил посочи дека новата и современа автобуска станица во Охрид има модерни, сервисни и услужни простории, со вкупна површина од 1.100 метри квадратни, како и соодветен терминал со осум појдовни и исто толку дојдовни перони.

Информирајќи дека и новиот трговски центар ќе биде со деловен простор на површина од десет илјади метри квадратни и сопствен паркинг-простор од осум илјади квадрати, Исмаил нагласи дека овие објекти ќе придонесат за спречување на заминувањето на младите.

– Бизнис-заедницата верува во политиката на Владата, особено сега кога сме пред вратите на НАТО и ЕУ. Тоа ќе значи нови инвестиции, нови работни места, повисоки плати – рече сопственикот на „Делфина турс“. Изразувајќи задоволство што Охрид добива капитален објект што ќе придонесе за подобрувањето на општата слика за градот, градоначалникот Јован Стојаноски истакна дека со новите содржини во рамките на комплексот ќе се подобри и севкупната туристичка понуда. **Ј.С.Б.**




м-р ИВАН ИЛИЕВСКИ
раководител за развој во МОТО АМЕРИТ

# ЗАДОВОЛСТВОТО НА КЛИЕНТИТЕ Е НАША ПРВЕНСТВЕНА ЦЕЛ

МОТО АМЕРИТ ДООЕЛ – Скопје, најмладата организациска единица во големото бизнис-семејство на СИЗ „Македонија сообраќај" – АМЕРИТ, ова лето го заокружи своето работење и функционирање со целокупното портфолио на планирани услуги за втората година по неговото формирање и по започнувањето на почетокот на минатата година. Притоа, како што беше најавено од раководниот менаџмент на МОТО АМЕРИТ, се остваруваат плановите и стремежите, неговите услуги да се доближат повеќе кон граѓаните, но и до транспортните компании и другите фирми во земјава меѓу другото, со обезбедување и овозможување на разни поволности, попусти и бенефиции при плаќањето, како и со бесплатните превентивни технички прегледи на возилата, со цел зголемување на безбедноста во сообраќајот на патиштата и намалување на загаденоста на животната средина во нашата земја. Ова е во согласност со прокламираната цел на МОТО АМЕРИТ за давање на најквалитетни услуги, и тоа како за членките на СИЗ „Македонија сообраќај" – АМЕРИТ, кои имаат можност да добијат голем број

**Во МОТО АМЕРИТ летово ги остваруваат плановите и стремежите своите услуги повеќе да ги доближат до граѓаните, до транспортните компании и до другите фирми во земјава**

придобивки и посебни услови за користење на услугите, така и за сите моторизирани граѓани во државата.Токму тоа е поводот за нашиот разговор со м-р Иван Илиевски, раководител за развој во МОТО АМЕРИТ, кој од самиот почеток е во овој организациски сегмент на СИЗ „Македонија сообраќај" – АМЕРИТ.

**Господин Илиевски, МОТО АМЕРИТ постои малку повеќе од година и пол, па како се етаблираше на македонскиот транспортен пазар и кои се услугите што ги нуди во овој момент за потенцијалните корисници?**

– Можеме да се пофалиме дека МОТО АМЕРИТ, како нова компанија, за овој релативно краток период се етаблираше меѓу првите пет компании во нашата држава, во дејноста техничко испитување и анализа на моторните возила што се должи на квалитетот на услугите кој го постигнуваме преку големиот професионализам, стручноста и посветеноста на нашите вработени. Имено, во рамките на МОТО АМЕРИТ, работи Станицата за технички преглед, каде што освен контрола, т. е. редовен технички преглед и регистрација на возилата, на клиентите им се нудат и голем број други услуги, како што се: издавање на меѓународна возачка дозвола и одобрение за управување со туѓо моторно возило во странство, потоа пробни регистарски таблички, вонредни и периодични технички прегледи, како и бесплатни превентивни технички прегледи, кон кои граѓаните можат да пристапат со своите возила пред тргнување на пат. Техничката служба е дел од МОТО АМЕРИТ, а корисниците можат да ги добијат следните услуги за своите возила: единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T, C, R, S, одобрување на преправени возила, инспекција на подготвеноста на возилата за сообраќај ЦЕМТ – ЕКМТ, инспекција

на аналогни и дигитални тахографи, на возила за превоз на опасни материи, односно за Сертификат за подготвеност за транспорт на опасни материи според ADR- спогодбата, инспекција на цистерни за транспорт на опасни материи класа 3 – 9, на возила кои пренесуваат лесно расипливи стоки – АТП. Понатаму, инспекција при утврдување и втиснување на идентификациски ознаки на возилата: број на шасијата и на моторот,

**За квалитетното нудење на целата палета услуги што ги дава МОТО АМЕРИТ, од примарно значење се просторните услови, соодветната опременост, а пред сè високото ниво на професионализам на вработените**

инспекција при промените на возилата што не значат преправка и поправка, идентификација и оцена на техничката состојба на мобилните машини, во делот што се однесува на опасностите кои произлегуваат од нивната мобилност.

Техничката служба на МОТО АМЕРИТ е овластена од страна на Министерство за економија, Министерство за транспорт и врски и од Министерство за внатрешни работи, соодветно за областа за која се тие надлежни, а по спроведената постапка за акредитација и добивање на соодветен Сертификат од страна на Институтот за акредитација на Република Македонија.



**Кои се услугите што се специјализирани за патните превозници во земјава и каков е нивниот интерес тие да ги користат токму во МОТО АМЕРИТ?**

За транспортните компании ја нудиме услугата за инспекција на подготвеноста на возилата за сообраќај ЦЕМТ – ЕКМТ, при која тие добиваат ЕКМТ - тест сертификат за подготвеност за сообраќај на товарните моторни и приклучни возила. Овој сертификат е задолжителен при аплицирање за добивање ЕКМТ-дозволи во Министерството за транспорт и врски на Република Македонија. Друга услуга што е од интерес за превозниците е калибрацијата на аналогните и дигиталните тахографи, која е задолжителна за сите возила кои вршат домашен и меѓународен транспорт. Од палетата услуги на МОТО АМЕРИТ, превозниците можат да ги користат и услугите за инспекција на: возила за превоз на опасни материи, цистерни за транспорт на опасни материи класа 3 - 9 и возила кои пренесуваат лесно расипливи стоки АТП, при кои прегледи и проверки за возилата добиваат соодветни сертификати и извештаи. За домашните превозници достапна е и услугата за проверка на техничко-експлоатациските услови, кои ги исполнуваат возилата, како и издавање на соодветна потврда, која понатаму е потребна при добивање на лиценца за превоз.

**Дали можете да најавите некои нови услуги во наредниот период како за патните транспортери, така за останатите моторизирани граѓани во државата?**

Во периодот што следува е планирано воведување на неколку нови услуги, кои веруваме дека ќе бидат добро






прифатени од превозниците, особено од членките на СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ, а кои ќе имаат можност за голем број придобивки и посебни услови за користење на услугите. Се надеваме дека постојните и новопланираните услуги ќе бидат интересни за сите потенцијални клиенти на МОТО АМЕРИТ што е всушност и основната цел на компанијата.

**Кога станува збор за услугите што ги врши МОТО АМЕРИТ, неизоставно се наметнува прашањето за нивниот квалитет и секако за нивната цена. Колку успевате да одговорите на овие**

> Во МОТО АМЕРИТ се планира воведување на неколку нови услуги, за кои се верува дека ќе бидат добро прифатени и од превозниците, а особено од членките на СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ

**два најважни аспекти во давањето на услугите што ги нудите?**

Нашиот стремеж, повеќе да ги доближиме услугите до граѓаните преку обезбедување на поволности, како што се попусти и бенефиции при плаќањето и бесплатни превентивни технички прегледи на возилата, резултираше со сѐ поголемиот број на клиенти, а на наше големо задоволство нивниот број секојдневно продолжува да расте.

Истовремено, нашите задоволни клиенти се доказ за квалитетот на услугите и за високото ниво на професионализам при нивно давање од страна на вработените во МОТО АМЕРИТ, каде што постојано вложуваме во надградувањето и во задоволството на својот кадар, преку неговото учество во специјализирани обуки, курсеви, работилници, team building и секако низ разните форми на секојдневно дружење и меѓусебна соработка.

**Дали покрај кадровскиот потенцијал, во давањето на целата палета на споменатите услуги што ги дава МОТО АМЕРИТ од примарно значење се и просторните услови и неговата соодветна опременост?**

Се разбира, објектот на МОТО АМЕРИТ е граден согласно со сите стандарди и тој располага со најсовремен деловен простор и модерна хала за технички преглед. Станицата за технички преглед, ги исполнува сите национални и меѓународни стандарди за вршење на дејноста и е опремена со најсовремена опрема од последната генерација на германскиот производител МАНА, како и со опрема од реномираните производители TESTO и MATT. Веќе споменав, и со право ќе повторам, нашите работни тимови ги сочинуваат млади и енергични експерти, кои со посветеноста кон работата секојдневно се стремат кон совршенство. Приматот на овој наш млад и енергичен персонал е да се создаде пријателска атмосфера и блиска соработка со секој од нашите клиенти. Наша долгорочна цел е да ги направиме клиентите задоволни и на тој начин да се осигураме дека и во иднина повторно ќе дојдат кај нас.

**Ј.Б.**



TimoCom успешна приказна




# КАКО ОВОШЈЕТО И ЗЕЛЕНЧУКОТ НИ ПРИСТИГНУВААТ СВЕЖИ НА ТРПЕЗАРИСКАТА МАСА?

Логиката на брзиот „врата до врата“ транспорт бара максимална точност и професионалност, а како се реализира се гледа низ примерот на шпанската компанија Germans Barri, која ги користи најновите технологии не само за складирање и ладење на своите овошја и зеленчуци туку и за оптимизација на дигиталниот транспорт

Трговецот на овошје и зеленчук Germans Barri се справува со предизвиците на логистиката за свежа храна, логиката на брзиот „врата до врата“ транспорт, каков што е транспортот на овошјето и зеленчукот што од самиот почеток бара максимална точност и професионалност. Покрај тоа, добавувачите треба флексибилно да реагираат на трговските активности, па дури и да „транспортираат“ само неколку палети наместо цел камион. Згора на тоа, клиентот сака да биде во можност да ги следи своите производи онлајн во секое време. Стандардите за превоз се исто толку високи колку што се и за производството. Шпанската компанија Germans Barri ги користи најновите технологии не само за складирање и ладење на своите овошја и зеленчуци туку и за оптимизација на дигиталниот транспорт.

## Клиент

Она што пред 60 години го собираше на мал штанд за зеленчук и овошје во Барселона на Меркадо де Борн, на денешниот хипермаркет „Меркабарна“, во моментов покрива вкупно 2.100 м2 и 12 штанда. Современиот магацин на семејната компанија, којашто ја водат браќата Луис Бари и Салвадор Бари во втора генерација, опфаќа вкупно 7.000 м2. Различни сорти на: компир, кромид и зелена салата, како и: ротквици, карфиол, брокула, праз, моркови или домати се калибрираат, сортираат и пакуваат со користење на иновативни технологии. Токму како што посакува и побарува секој поединечен клиент.

## Предизвик

Триесет проценти од производите на Germans Barri се наоѓаат во хипермаркетот „Меркабарна“, 20 % во националните и во меѓународните супермаркети, 10 % во големопродажбата и 20 % во малопродажбата. Голем дел од производите се увезуваат, како на пример: корените на Јука од Јужна Америка, ѓумбирот од Кина или слатките компири од САД. Заедно со извозот во сите европски земји, Germans Barri превезува вкупно 150 милиони килограми свежи производи годишно.

– Ние нудиме голем избор на производи со добра цена и многу добра услуга, вклучувајќи и дополнителни логистички решенија. Нашите клиенти можат од нас да нарачаат утовари за комплетни камиони или само неколку палети. Ние сме флексибилни и ги почитуваме посебните барања на логистичкиот синџир со температурен режим. Впрочем, секој сака цврсти, сочни овошја и зеленчук со многу добар квалитет, со вистинска цена и тајминг – објаснува Марта Бари, ќерка на основачот Рамон Бари и директор на Одделот за администрација и финансии.

Најголем предизвик за бизнисот на Germans Barri е тоа што редовно варираат интересите, нарачките и циклусите на клиентите. – Нашите нарачки и релации постојано се менуваат. Затоа, секогаш ни се потребни нови даватели на транспортни услуги. Досега, имавме многу високи расходи и загуба на време во потрага по

транспортни партнери. Од 2.000 испратени имејлови, можеби само 10 – 20 проценти беа прочитани. Ова е непродуктивно и често многу фрустрирачки. Кај транспортот на свежите производи, притиска и времето, и високите технички барања за превоз под контролирана температура – вели Наталија Ечевери, диспечер на Germans Barri.

## Решенија

Благодарение на високиот опсег и големата брзина на одѕив на другите корисници на TimoCom, Ечевери добива сигурност при планирањето и истовремено може да реагира брзо.

– Кога објавувам понуда за утовар, знам дека ќе добијам одговор од соодветен давател на услуги во рок од 10 минути – наведува таа. Едноставното пребарување на услуги, исто така, го олеснува секојдневниот диспечерски живот.

– Можете да извршите неколку пребарувања во исто време. Благодарение на филтрите, пребарувањето може да се приспособи токму онака како што е потребно: според типот на возилото, утоварната должина, релацијата итн. – додава Ечевери.

Друга важна поента е довербата која TimoCom дополнително ја поддржува со можноста за следење на возилата на давателите на услуги. – Ако ангажираме давател на транспортни услуги преку



TimoCom, тогаш можеме да бидеме сигурни дека стоката ќе пристигне таму каде што треба. Преку платформата ние изградивме мрежа на доверливи партнери со кои редовно работиме – истакнува Ечевери.

Благодарение на поедноставената, побрза и побезбедна распределба на транспортот со TimoCom, Germans Barri сега можат подобро да се фокусираат на сите други задачи и на тој начин, дополнително да го зголемат квалитетот на комплетната услуга на логистиката „од врата до врата". TimoCom Soft- und Hardware GmbH е ИТ-специјалист, фирма од средна големина, која се има фокусирано на развојот и вмрежувањето на апликации за транспортната дејност. Фирмата управува со најголемата транспортна платформа во Европа. На TimoCom платформата дневно се нудат и до 750.000 меѓународни понуди на утовари и утоварен простор. Логистичката мрежа се состои од над 40.000 проверени фирми.




Со неодамнешната работна средба во Загреб



# ПОТВРДЕНА Е УСПЕШНАТА СОРАБОТКА НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБИ НА МАКЕДОНИЈА И ХРВАТСКА

На средбата беше потврден заедничкиот интерес за размена на искуства од областа на примената на законодавството на ЕУ и на Договорот за олеснување на трговијата на СТО

Делегација на Царинска управа на Репуб-лика Македонија, предводена од директорот Ѓоко Танасоски, пред извесно време, оствари работна посета со Царинската управа на Република Хрватска, како надоврзување на претходноодржаната средба во октомври, минатата година. На неодамнешната средба, што се одржа во Загреб, беше потврден заедничкиот интерес за размена на искуства од областа на примена на законодавството на Европската Унија (во дел на царинските прописи и акцизни давачки), потоа за јакнење на информатичко-технолошките капацитети и други активности од доменот на царинското работење, вклучувајќи ја и примената на Договорот за олеснување на трговијата на Светската трговска организација. На работната средба, претставниците на двете царински служби ги договорија начините за идна соработка во домените во кои Царинска управа на Македонија би сакала да ја има Царината на Хрватска како партнер и близок соработник, што впрочем, беше потврдено и на средбата со високи претставници на Министерството за финансии на Република Хрватска. За време на билатералниот состанок, беа разменети и искуства за методите на надзор на големите акцизни даночни обврзници, со фокус на надгледување на употребата на акцизните марки за тутунските производи. Беа анализирани и можностите за размена на искуства во изготвувањето и спроведувањето на Законот за акцизи и Законот за моторни возила, како и за спроведувањето на царинското законодавство на ЕУ, а и за плановите за развој на нови ИТ-апликации потребни за целосна имплементација на Царинскиот закон на ЕУ.

Членовите на хрватскиот тим ги презентираа своите искуства и препораки од преговарачкиот процес од Поглавјето 29 од Царинската унија за пристапување кон ЕУ (ставови, билатерален скрининг) и изразија подготвеност за поддршка на македонските колеги во нивниот процес на преговарање.

На неформален регионален состанок во Тирана

# ЗАЕДНИЧКИ ПРИСТАП НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

**Состанокот во Тирана беше можност да се дефинираат предизвиците со кои се соочуваат царинските служби при спроведувањето на повеќегодишниот акционен план за создавање на регионална економска област на земјите од Западен Балкан**

Директорот на Царинска управа на Република Македонија, Ѓоко Танасоски, неодамна учествуваше на неформален регионален состанок на директорите на царинските управи од Западен Балкан, што се одржа во Тирана, Република Албанија. На состанокот присуствуваа претставници на царинските управи на: Македонија, Црна Гора, Албанија, Србија, Босна и Херцеговина, Косово и меѓународни институции и организации, што беше можност да се дефинираат предизвиците со кои се соочуваат царинските служби при спроведувањето на Повеќегодишниот акционен план за создавање на регионална економска област на земјите од Западен Балкан, со поддршка од страна на претставници на меѓународни и регионални организации: ЦЕФТА, ИФК, Светска банка, УСАИД и Генералниот директорат за оданочување на Европската комисија. Истовремено, овој состанок беше одлична можност за донесување на стратешки одлуки во врска со напредокот на заедничките активности во насока на поедноставување и скратување на царинските процедури, во согласност со ЦЕФТА, дополнителниот Протокол 5 за олеснување на трговијата и Договорот за олеснување на трговијата на Светската трговска организација.

За време на состанокот беше истакната и важноста од размената на царинските разузнавачки информации во реално време, со што во голема мера ќе се подобри управувањето со ризик, а со тоа ќе се засили и борбата против тероризмот, перењето пари, трговијата со забранети стоки, криумчарењето и трговијата со луѓе. Во исто време, тоа ќе придонесе за создавање на фер и конкурентен економски амбиент.

Состанокот во Тирана е продолжение на неформалниот состанок на генералните директори на царинските управи на земјите од Западен Балкан, што во декември 2017 година се реализираше во Скопје, во организација на Царинска управа на Република Македонија. На маргините на средбата во Тирана, директорот на Царинска управа на Република Македонија, Ѓоко Танасоски, оствари билатерални средби со директорите на царините на Албанија и на Црна Гора – Белинда Икономи и Владан Јоковиќ, како и со директорот на Секретаријатот на ЦЕФТА – Емир Цикиќ.

Со цел олеснување и поголема безбедност на трговијата со пратки

# ПОТПИШАНИ МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА СО АСОЦИЈАЦИЈАТА ЗА Е-ТРГОВИЈА И ДХЛ-ЕКСПРЕС

Меморандумите за соработка со овие две организации се потврда дека Царинската управа се води од заеднички принципи на постапување и дејствување, разбирање со партнерите, земајќи ги предвид предностите и современите текови на електронската трговија




Царинска управа на Република Македонија, на 25 јули оваа година, потпиша меморандуми за соработка со Асоцијацијата за е-трговија на Македонија и ДХЛ-експрес Македонија. Меморандумите за соработка со овие две организации се потврда дека Царинската управа се води од заедничките принципи на постапување и дејствување, разбирање на партнерите, земајќи ги предвид предностите и современите текови на електронската трговија, која ги вклучува сите трансакции реализирани од далечина, со користење на електронски или на диги-тални платформи.

Претседателката на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија, Нина Ангеловска и директорот на Царинска управа на Македонија, Ѓоко Танасоски, потпишаа Меморандум за соработка што претставува пристапување на Царинската управа во почесно членство во Асоцијацијата за е-трговија. Потписниците на меморандумот, соработката ќе ја остваруваат преку споделување на релевантни информации од областа на е-трговијата, заеднички ќе придонесуваат за развојот на соодветните програми за потребите на корисниците на услугите, а ќе ги споделуваат и тековните и новите искуства, релевантни за областа на дејствување и соодветната целна група.

Меморандумот за соработка, што го потпишаа директорите на Царинска управа на Македонија и на ДХЛ-експрес Македонија, Ѓоко Танасоски и Радослав Нановиќ, ќе придонесе за зајакнување на борбата против трговијата со нелегални стоки и обезбедување на сигурен превоз на брзите пратки, промовирање на ефикасна размена на информациите, изнаоѓање на практични решенија за заемна помош при идентификувањето на пратките со поголем ризик и обезбедување на брз третман на пратките, без да биде доведена во прашање сигурноста и безбедноста на граѓаните. На ваков начин, ќе се унапреди меѓусебната соработка и ќе се зголеми свеста за негативните ефекти на нелегалната трговија и транспорт, што ги предизвикуваат најновите појави, облици и предизвици на шверцот на стоки.



Мерките и активностите регулирани со овие два меморандуми ќе резултираат со зголемена успешност во олеснување на трговијата со пратки, наплатата на приходи и поголемо ниво на заштита и безбедност, во услови на избалансираност помеѓу олеснетите услови за непречен проток и оптимизирана контрола на стоката и пратките, како и правилна примена на царинските прописи.

Во летните месеци

# ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО ПОСЕТА НА НАЈУСПЕШНИТЕ ИЗВОЗНИЦИ

Во рамките на летната пограма за посета, од страна на Царинска управа на Македонија беа посетени: Пекабеско, Алкалоид и Окитекс, како компании кои важат за успешни извозници од нашата земја



Царинска управа на Македонија започна со реализација на летната програма за посета на најголемите извозници во нашата земја. Во рамките на пограмата досега се посетени: Пекабеско, Алкалоид и Окитекс, како компании кои важат за успешни извозници, а ваквите посети ќе се реализираат и во понатамошниот период.

На средбата со Слободан Кутревски, генералниот директор на Пекабеско, еден од 100-те најголеми извозници во 2017 година, беа промовирани можностите за олеснување и забрзување на царинските постапки и промовирање на концептот на Овластен економски оператор. При посетата на Окитекс и разговорот со менаџментот, се дискутираше за тековната состојба и предизвиците во текстилната индустрија, а за време на посетата на Алкалоид, генералниот директор, Живко Мукаетов, ги презентираше развојните и извозните капацитети на компанијата.

На средбите со првите луѓе на овие домашни извозни фирми, исто така се дискутираше и за продлабочување на соработката меѓу Царината и деловната заедница, особено од аспект на користење на дигиталната технологија и бесхартиената околина, промовирање на поедноставените царински постапки, потоа за новите форми на царинските и даночните олеснувања и за регионалната економска соработка. Во Царинска управа на Македонија наведуваат дека како досега така и во иднина ќе бидат партнери со компаниите во нивното работење и во промовирањето на производството и извозот.

Финални преговори со кинески „Синохидро“



# НАСКОРО ГОТОВ НОВ АНЕКС НА ДОГОВОРОТ ЗА АВТОПАТОТ КИЧЕВО – ОХРИД

Со овој анекс ќе се ослободат 230 милиони евра од кинескиот кредит и на тој начин ќе се интензивира изградбата на автопатот Кичево – Охрид

Министерството за транспорт и врски наскоро, најверојатно до крајот на август, до Владата и Собранието ќе поднесе нов анекс на договорот со кинеската компанија „Синохидро“, со кој ќе се ослободат 230 милиони евра од кинескиот кредит и на тој начин ќе се интензивира изградбата на автопатот Кичево – Охрид. Ова, меѓу другото, го најави неодамна министерот за транспорт и врски Горан Сугарески, кој посочи дека со кинеската компанија се водат финалните преговори околу овој проект.

– Со самото ослободување на средствата, кои ќе можеме да ги алоцираме по различни ставки, ќе може да продолжи изградбата и да се платат компаниите кои работат на изградбата на автопатот – рече Сугарески и додаде дека изведувачите и подизведувачите моментално работат во делот кај што нема проблеми. Тој посочи и дека паралелно се работи на препроектирање на пропустите поврзани со тунелот, свлечиштето и пристапните патишта.

Министерот Сугарески очекува навреме да биде комплетно завршен и пуштен во употреба автопатот Скопје – Штип, чиј рок за изведба истекува на 30 септември годинава зашто такви гаранции се добиени од „Синохидро“ и подизведувачите, а во моментов, како што наведе, интензивно се работи и на експресниот пат Крива Паланка - Ранковце. Истовремено, има интензивирање на активноста и на делот од Крива Паланка до границата, каде што ќе бидат реконструирани пет километри, а на осум ќе биде изграден нов патен правец. Сугарески порача и дека се сигурни и безбедни сите мостови кои се изградени на државните патишта и се во надлежност на државата.

– На Коридорот 10, НАТО ги има реконструирано сите мостови, а на Коридорот 8 во тек е реконструкција по сите европски стандарди на пет мостови на патот Кичево – Гостивар. Наскоро ќе се санираат седум други мостови – информира Сугарески, кој очекува во третиот и во четвртиот квартал од годинава, сериозно да се интензивира реализацијата на капиталните инвестиции што според него, во делот на ова министерство, изнесува 59,7 проценти, а кое може да се види на терен зашто интензивно се работи во голем дел од општините во Македонија.

J. С. Б.

Преку ЕБОР

## Обезбедени се 10 милиони евра за патот Крива Паланка – Деве Баир

Десет милиони евра се обезбедени преку Европската банка за обнова и развој за рехабилитација и проширување на патната делница Крива Паланка – Деве Баир (граница со Бугарија). Во почетокот на август Министерството за финансии, извести дека дополнителни 2,6 милиони евра ќе бидат обезбедени како грант преку инструментот „Инвестициска рамка за Западен Балкан“ на Европската Унија со што ќе се затвори финансиската конструкција за рехабилитација и проширување на 13 километри од Коридорот VIII.

До крајот на годината треба да биде објавен меѓународниот тендер за избор на компанија што ќе го реконструира патот, а Министерството за финансии подготви предлог-закон за гаранција на заемот од ЕБОР, кој е влезен во собраниска процедура. По усвојување на законот од Собранието, ќе се склучи договор за заем помеѓу ЈП за државни патишта и ЕБОР. Заемот е со исклучително поволни услови, каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР плус еден отсто, додека рокот за отплата е 15 години, со вклучен грејс-период од три години.

Министерство за транспорт и врски

# РАСПРЕДЕЛЕНИ АВТОБУСКИТЕ ЛИНИИ

За оваа распределба беа поднесени вкупно 91 апликација, од кои 26 за меѓуопштински и 65 за меѓународен превоз на патници

Министерството за транспорт и врски изврши прелиминарна распределба на нови автобуски линии, за кои се аплицираше последниот ден од мај годинава. Притоа, беа поднесени вкупно 91 апликација за нови или промена на веќе постоечки автобуски линии во меѓуопштинскиот и меѓународниот патен сообраќај, од кои 26 апликации беа за вршење на меѓуопштинскиот превоз на патници и 65 за меѓународен превоз на патници. Како што информираа од ресорното министерство, врз основа на прелиминарната распределба, за меѓуопштински превоз на патници се одобрени 12 апликации, една е делумно одобрена, а 13 се одбиени. А, за меѓународен превоз на патници се одобрени 35 апликации, три се делумно одобрени и 27 се одбиени.



Распределбата на автобуски линии, а и на возни редови се врши врз основа на критериуми утврдени во Законот за превоз во патниот сообраќај и Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за одобрување на возни редови за нови линии и за промена на одобрени линии во меѓуопштинскиот и меѓународниот превоз на патници и за формата и содржината на образецот на дозволата и на возниот ред. Инаку, аплицирањето и за оваа распределба беше извршено по електронски пат (на интернет-страницата: www.liniskiprevoz.gov.mk), а право да учествуваат имаа превозниците со лиценци, кои ги исполнуват критериумите утврдени во Законот за превоз во патниот сообраќај.

Со одлука на Советот на Град Скопје




# ЈСП ЌЕ ПОДИГНЕ КРЕДИТ ЗА НАБАВКА НА НОВИТЕ 40 ЕКОАВТОБУСИ

Град Скопје се обврзува и ги гарантира сите плаќања на ЈСП што ќе произлезат од договорот за заем склучен врз основа на одлуката за долгорочно задолжување на претпријатието

Град Скопје неодамна донесе одлука за долгорочно задолжување на ЈСП кај меѓународна кредитна институција за да се набават најавените 40 нови екоавтобуси за јавниот градски превоз во главниот град. Вкупниот износ на задолжувањето е 10 милиони евра, а каматната стапка е шестмесечен EURIBOR плус еден отсто маржа, со грејс-период од три години. Рокот на отплата е седум години, без вклучен грејс-период. Во врска со овој проект, одлука донел и УО на претпријатието, а предлог-одлуката на Град Скопје беше изгласана и во Градскиот совет. Притоа, со неа, Град Скопје безусловно и неотповикливо се обврзува и ги гарантира сите плаќања на ЈСП што ќе произлезат од договорот за заем, склучен врз основа на одлуката за долгорочно задолжување на претпријатието.

Во одлуката се наведени и условите под кои ќе се реализира задолжувањето, за кое е потребно да се добие државна гаранција. Познато е, во согласност со Законот за јавен долг, дека јавните претпријатија основани од општините во државата, од општините во главниот град и од Град Скопје можат долгорочно да се задолжуваат по претходно добиена согласност од страна на Министерство за финансии. Инаку, по најавата за набавка на 40 автобуси на гас за Град Скопје, реагираа од Организацијата за електрични возила Електромобилност Македонија, каде што сметаат дека на среден рок од 10 години, електричните автобуси се најсоодветно и најразумно решение за јавниот градски превоз во Скопје.

Ј. С. Б.

Со одлука на Владата и на УЈП до крајот на годината

## Се одложува воведувањето на ГПРС фискални апарати за таксистите

Воведувањето на ГПРС фискални апарати за таксистите се одложува до крајот на декември оваа година. Како што информираа од Управата за јавни приходи, согласно со Одлуката на Владата на РМ („Службен весник на РМ“, бр. 121 од 2.7.2018 година), вршителите на автотакси превоз на патници се ослободуваат од обврската за користење на интегриран автоматски систем за управување до 31 декември 2018 година. Тоа значи дека за сите автотакси превозници се продолжува рокот за воведување и регистрација на фискални апарати со вграден ГПРС уред до крајот на годинава. Претходно планираниот рок за оваа обврска, која се одложува со години (почнувајќи од 2015 год.) беше до 1 јули. Сега повторно се пролонгира, па таксистите коментираат дека иако оваа новина е уште една обврска плус, а тие не бегаат од давачките кон државата, сепак, ги мачи големиот број диви таксисти, кои им ја земаат работата и драстично им ги намалуваат приходите.




Според последните најави

## Еколошките налепници за возилата ќе се воведуваат оваа есен

Координативното тело, раководено од Град Скопје и надлежните министерства, ги имаат подготвено потребните законски решенија што треба да се донесат преку државните органи при што ќе се воведат еконалепници за возилата

Еколошките налепници за возилата, кои ќе покажуваат колку секое од нив загадува во Скопје, а кои се предвидени со измените во Законот за возила, наскоро, според некои најави, по референдумот за името на државата, ќе се најдат пред пратениците во Собранието, а кога ќе се донесат овие измени, како што неодамна истакна скопскиот градоначалник, Петре Шилегов, Град Скопје ќе има можност да учествува во креирањето на политиката на сообраќајот бидејќи со воведувањето на еколошките налепници, се очекува да се намали загадувањето на воздухот во главниот град, особено кога е најкритично, во зимскиот период. Според Шилегов, Координативното



тело, кое го раководи Град Скопје, заедно со министерствата за внатрешни работи, за економија и за животна средина ги имаат подготвено потребните законски решенија што треба да се носат преку државните органи. Тие текстови на законските измени се доставени до надлежните министерства. Целата постапка е во владина процедура, и според проценките на градоначалникот, можно е оваа есен, по референдумот, Собранието да ги донесе тие законски измени со кои ќе се изврши мапирање на возилата. Цената на чинењето, начинот и постапката на издавање на еколошките налепници ќе биде во надлежност на МВР, а со законот е уредено и тоа како ќе се категоризираат возилата во станиците за технички преглед. Во зависност од тоа кој ЕУРО-стандард го исполнуваат, возилата ќе добиваат еколошка налепница со црвена, портокалова или зелена боја. Притоа, општините, каде што има загадување на воздухот од возилата, ќе треба да донесат пропис согласно со Законот за локалната самоуправа, со кој ќе се воведе режим на сообраќај – зонирање, како и поставување сообраќајни знаци за ограничување на заштитената еколошка зона во нив, поточно со кој ќе се воведе забрана за движење на возилата со црвена еконалепница.

Колку политичката борба и трговската соработка функционираат заедно?



# РАЗГОВОРИТЕ И КОМПРОМИСОТ МУ ГО ОТВОРААТ ПАТОТ И НА ТРАНСПОРТОТ

Од суштинско значење е да се разговара, без оглед на различните интереси и непријателства бидејќи разговорот е оној што води кон договор што значи трговија и поголем потенцијал за транспортот

Политиката вклучува парадоксална комбинација на меѓусебна борба, но и на соработка. Политичарите се борат за интересите на своите конституенти и тоа често значи да се изговараат тешки зборови за противниците. Сепак, за да ги добиете најдобрите резултати, важно е да имате добар работен однос со своите противници. Ова важи за секое ниво на политиката, од Градското собрание до Обединетите нации, а личност, која има големо искуство во ова е Жозе Мануел Баросо, кој беше претседател на Европската комисија во десет бурни години, почнувајќи од 2004 год., откако беше премиер на Португалија. Тој ќе се обрати на првата пленарна сесија на Светскиот конгрес на Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ што ќе се одржи во ноември во Оман и се очекува да даде свое мислење за тоа колку политичката борба и трговската соработка функционираат заедно и како тоа се одразува на транспортот.

Кога станува збор за овие релации, значајни се и соработката меѓу политичарите, и нивните лични односи, во чија основа е да разговараат. Велат, разговори со другата страна има дури и во време на војна (на пример при размена на затвореници што е познато од пред 150 години) и што е



еден од условите за создавање на примирје или мир. Исто така, споделувањето на искуства често ги сплотува луѓето на изненадувачки начини, па така познато е дека откако ја напуштија функцијата, Џорџ Буш и Бил Клинтон развија толку блиски односи, речиси како татко и син што дури разговараа и за можноста Хилари да се кандидира на претседателските избори во 2008 година, при што Буш и Клинтон би се спротивставиле едни на други. Ваквиот став го покажува одвојувањето на политиката од персоналниот живот.

Тешко е да се изградат тие блиски врски на меѓународната сцена, каде што луѓето често имаат помалку заедничко и има повеќе отворени прашања. Но, од суштинско значење е да се разговара, без разлика на различните интереси и непријателства бидејќи разговорот е тој што води кон договор што значи кон трговија. Во 1954 година, кога европската соработка ја забрзуваше динамиката, Винстон Черчил и неговиот министер за одбрана, јасно укажаа дека „состанокот очи во очи е подобар од војна“.

На меѓународно ниво, персоналните односи и покрај политичките поделби се одржуваат во земји кои се натпреваруваат едни со други и политички и економски, во услови на ефективна регулација и надзор на трговијата, за кои единствен начин да се создадат е да се разговара и да се има компромис. Сепак, гледаме бескомпромисен пораст на протекционизам во многу делови од светот што може да биде само пречка за трговијата. Наместо тоа, потребна е поголема соработка бидејќи нема сомнение дека зголемена трговија води кон крајната цел – пораст на животниот стандард. Крвоток во трговијата е всушност, движењето на луѓе и стоки, за што од суштинско значење е ефикасниот систем на патиштата. Оттука, не е случајно што Светскиот конгрес на ИРУ ќе биде на Блискиот Исток, каде што има огромен потенцијал за зголемување на трговијата во регионот, особено поради тоа што се наоѓа во срцето на новите трговски патишта меѓу: Азија, Африка и Европа. Градењето на мрежата на патни појаси што ги поврзува Кина и Европа, е одлична насока, заедно со другите нови тенденции на индустријата, која сака да ги активира – како што е коридорот на север-југ во Индија, но тие можат да се развијат само кога постои политички дискурс на високо ниво меѓу актуелните или потенцијалните противници.

Кој е најдобриот начин да се соберат луѓето заедно за да се создаде регулатива, надзор и да има безбедност потребна за изградба на овие нови трговски патишта? Има толку многу судири на секое ниво што единствен начин да се решат е да се разговара. На меѓународно ниво постојат некои многу значајни прашања во овој дел на светот, поврзани со Катар, Иран, Сирија, приближувањето или одалечувањето на Турција со ЕУ, прашањето на Израел / Палестина...

Листата е долга, но секогаш се навраќаме, на крајот, на вредностите и аспирациите што ги делиме за семејствата, заедниците и средствата за живот. Затоа, значајно е да се открие кои се најдобрите начини за постигнување решенија, кои се најдобрите компромиси за да се одржи трговијата и што треба да се направи за да се реализира потенцијалот на транспортот? Се разбира, има многу прашања на оперативно ниво: за квалитетот на патиштата, за достапноста на камионите, за вистинската технологија и за правилното поврзување на различните начини на транспорт: патниот, железничкиот и поморскиот. Сето тоа бара вистински луѓе, кои ќе можат да соработуваат со конкурентите кога е потребно. Но, тоа ќе може да се случи само кога големите политички, прашања ќе бидат одговорени.

Факт или фантазија?



# НОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ ЌЕ ЈА ПРОМЕНАТ ТРАНСПОРТНАТА ИНДУСТРИЈА

*Која технологија доаѓа како следна е главното прашање, а одговорот ќе ја определи иднината на транспортната индустрија*

Џорџ Стивенсон ја изградил својата „ракета“ (парната локомотива) во 1829 година, Еугенио Барсанти и Феличе Матеучи го развиле првиот вистински мотор со внатрешно согорување во 1853 година, а Едгар Хули измислил тармакадам (асфалтен пат) во 1902 година. И, тоа е тоа. Денес, сè уште ги движиме стоките и луѓето со користење на мотори, кои ги влечат вагоните по челични шини. Сè уште се потпираме главно на моторот со внатрешно согорување и се движиме по асфалт. Се разбира, возовите и камионите изгледаат поинаку отколку пред стотина години, но и покрај неверојатното темпо на иновации, тие во својата основа, во голема мера се исти. Дали навистина го правиме најдоброто што можеме? Или, крстариме по постепено деградирачки транспортен систем? Кој знае?

Ник Ерл има повеќе од 30 години искуство што опфаќа големи корпорации во ИТ- секторот и во транспортната индустрија. Неодамна, тој беше вклучен во развојот на Hyperloop, новата форма на масовен транзит, која предлага патниците или товарот да се превезуваат со голема брзина во пловечки вакуумски цевки со низок притисок. Ерл знае сè за новите технологии и нивниот потенцијал, но што ќе каже за потенцијалот – новите технологии да ја раздвижат оваа индустрија? Која технологија ќе биде следна?

Почетна точка мора да биде достапноста на одржливите технологии зашто технолошки изводливото и комерцијално изводливото често не одат заедно, но без второто секој пронајдок е безвреден. Исто така, битно е и прашањето за регулацијата, која обично заостанува зад иновациите, па поедноставно е да се обвинува регулативата за задржувањето на иновациите, Ниту една иновација не е вредна ако се ризикува здравјето на луѓето или нивните животи. Од друга страна, точно е дека тоа може да биде рачна сопирачка за развојот на нови работи. Како и да е, автоматизацијата дефинитивно доаѓа. Луѓето сигурно ќе треба да седат во возилата, односно зад воланите уште некое време. Помалку загадувачката енергија е исто така на прагот, но алтернативите се соочуваат со предизвиците за нивната одржливост во индустријата каде што возилата се алатка, а не избор на живот.

Значи, што е навистина револуционерно? На страна од дроновите, дали летачките автомобили остануваат во царството на Џејмс Бонд? И дали паметните автомобили сè уште се во суштина само автомобили на 21-от век? Можеби треба да размислуваме многу порадикално. Дали Hyperloop е одговорот? Господин Ерл можеби го има одговорот. Важно е да се запомни дека технологијата не е цел сама за себе туку има цел да им помага на бизнисите за намалување на трошоците или за зголемување на приходите или, во идеален случај, и на двата. Затоа, прашањето е всушност, како технологијата влијае и го менува бизнис-моделот? Да замислиме, на пример, дека е остварливо да се користат беспилотни воздушни системи, беспилотно летало, да се префрли шестметарски контејнер, или група од 20 лица. За да се започне со тоа, превозната компанија ќе треба да вработува програмери, а не возачи и ќе им требаат помалку луѓе, бидејќи едно лице ќе може да „вози“ неколку беспилотни летала. Беспилотните летала, најверојатно, ќе ги намалат превозните временски интервали што би можело да влијае врз видовите на стоката што компанијата може да ја премести. Од друга страна, може да има ограничувања за полетување и слетување, а опсегот може да биде значително помал од оној што може да се достигне со управувањето на камион.

Овие прашања изгледаат како да припаѓаат во областа на фантазијата, но ова се видовите сценарија кои Ерл ќе ги адресира, со фокус на влијанието на технологиите врз оваа индустрија. Тоа води кон уште едно прашање: Како би изгледала оваа индустрија во наредните десет, дваесет или триесет години? Тоа е она што господин Ерл ќе треба да го одговори.

## Ник Ерл, експерт за ИТ и за транспорт

Целта на Ник Ерл е да ги трансформира животите на милијарди луѓе со примена на нови технологии во транспортната индустрија, со радикално менување на мобилноста. Тој неодамна го предводеше глобалното поле на операции на Virgin Hyperloop One, каде што беше одговорен за сите клиентски и партнерски активности ширум светот и ги водеше продажбата, консултантството и развојот на компанијата, која ја напушти во средината на 2018 година.

Во текот на 30-годишната кариера како лидер за продажба и менаџер за управување со промените, тој ги трансформираше бизнис-моделите на големите корпорации и нови компании во ИТ и во транспортот. Тој е коавтор на две книги, а беше признаен како втор најмоќен извршен директор во ИТ на глобално ниво во 2016 година и го имаше првиот TED-разговор за Hyperloop во јуни 2018 година.

www.amerit.org.mk

Патниот транспорт низ очите на еден скејтбордер



# КУЛИАУ ВО ОБИКОЛКИ И НА СРЕДБИ СО ПРЕВОЗНИЦИ НИЗ РУСИЈА

Скејтбордање низ Русија, а пред сè во големата Москва е делот од новата летна етапа што деновиве ја возеше Дејвид Кулиау, филмскиот продуцент, скејтбордер и раскажувач, кој на 27 март тргна од Женева на патување низ 18 земји на Европа, Азија и Блискиот Исток, во рамките на кампањата „Ние го сакаме патот“, со која Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ, најголемата транспортна асоцијација во светот ја одбележува 70-годишнината од своето постоење. Во неговиот бележник, оваа етапа е насловена како „Премостување на генерацискиот јаз во Русија“, со прв поднаслов „Учење од постарите“, каде што Кулиау нотира дека по забавното скејтбордање околу Црвениот плоштад, расположението му е многу поубаво во Центарот за обука на АСМАП Москва, кое инаку е дел од Здружението на меѓународни патни превозници на Русија и каде што затекнал студенти како напорно работат за да станат идни возачи. Во почетокот, вели, тие биле незабележливи, учејќи за најновите сложени транспортни прописи. Но, како што наведува, она што ги правело овие класи студенти посебни е тоа што тие не ги одвојувале новите „регрути“ од старите и искусни возачи. Притоа, за новите возачи да се осигураат дека го достигнале врвот во подготовките, тие го користеле наученото од поискусните љубители на патот.

Вториот дел од оваа руска сторија на Кулиау е под наслов „Креирање пат за младите“, каде што тој го посочува 80-годишниот возач од компанијата „Д-Транс“, Петр Чесноков, кој сè уште вози еднаш месечно од Москва до Холандија за да преземе цвеќе. И по својата 50-годишна кариера како возач, тој е оптимист како и оние од малку помладите генерации и смета дека тие се повеќе од спремни да се справат со растечките барања во оваа работа.

Како што наведува Кулиау, иднината на транспортот во Русија, а и во остатокот од светот, зависи од привлекувањето и задржувањето на новата генерација на возачи за поддршка на глобалните економии и за задржување на текот на работите во саканата насока. Тоа го кажува и еден од најстарите вработени во транспортната компанија „Совтрансавто“, Михаил (75), кој се приклучил на транспортната индустрија на возраст од 12 години и кој тешко може да се откаже од својата работа, но исто така, признава дека од клучно значење е да се направи простор за младите во неа.




Веќе информиравме дека Дејвид Кулиау финалето на овој свој потфат ќе го има на 6 ноември во Мускат, Оман, каде што ќе се одржи Светскиот конгрес на ИРУ, на тема „Иновации во движење“. Своите стории од патувањето тој ќе ги раскажува низ целата година преку блог, посветен на патувањето. Во нив тој наведува дека среќава, разговара и пренесува изјави од претставници на ИРУ, превозници, односно возачи на разни типови еколошки возила, при што разменува мислења, искуства и импресии за разни аспекти во транспортот, а воедно ја пренесува и есенцијата на нивната желба да се занимаваат со транспортната дејност, во чија срж, како што наведува Кулиау, е нивната љубов кон патувањето.

**Повик за аплицирање на транспортни стартапи на натпревар за време на Светскиот конгрес на ИРУ во Оман**

## Бидете следната генерација транспортни лидери!

Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ и Фондот за вложување на капитал, Road Ventures SA упатија повик за аплицирање на транспортни стартапи на новиот голем натпревар што ќе се одржи за време на Светскиот конгрес на ИРУ, на 7 ноември, годинава во Мускат, Оман. Натпреварот ги таргетира стартапите во мобилноста, транспортот и логистиката, а целта на иницијативата и соработката на организаторите ИРУ и фондот Road Ventures SA е да промовираат иновации во мобилната и во транспортната индустрија и да го поттикнат претприемништвото. Првиот натпревар има за цел да направи разлика овозможувајќи им на претприемачите да го започнат својот бизнис, а најиновативниот проект ќе освои награда до 100.000 американски долари директни инвестиции и можност за стекнување видливост со финансирање на ризичен капитал, инвеститори ангели, како и видливост на локалните и на меѓународни медиуми.

– Ние сме многу среќни што го објавуваме нашето партнерство во контекст на Светскиот конгрес на ИРУ. Овој натпревар ќе понуди единствена можност за стартапите да имаат корист од исклучителен амбиент за размена на знаења и идеи, да изградат стратешки партнерства и да добијат стручни и индустриски повратни информации – вели Патрис Крисинел, директорот на Road Ventures. Учесниците на овој натпревар треба да ги испратат своите апликации најдоцна до 17 септември годинава, преку формата за аплицирање, која може да се најде на следниот линк https: //www.eiseverywhere.com/ereg/newreg.php?eventid=343063&&regtoken=f3frvcfdk4q4m1n5j4k1g28v46#. Тимот на експерти на Road Ventures ќе ги разгледа апликациите и ќе ги покани финалистите на меѓусебен натпревар на 7 ноември, на Светскиот конгрес на ИРУ во Оман. Победниците ќе бидат прогласени на вториот ден од овој настан.

МАН Импортер Македонија, го пласира новиот МАН туристички автобус на македонскиот пазар




Coach R07 го красат и нови мултимедија функции: нов информациски on board-дисплеј, USB-порт на секое седиште и нов оптимизиран мултимедија систем со два монитори. Како единствени, нудиме продолжени интервали за сервис, двегодишна гаранција на цело возило, индивидуални решенија за финансирање, севкупна сервисна поддршка и оригинални резервни делови. Планираната продажба на нови возила доведе до проширување на нашиот сервисен капацитет и со неговото физичко зголемување и со зголемувањето на тимот за работа. Сето ова е со цел што подолго и поуспешно користење на автобусите и се разбира, задоволни купувачи и корисници на нашите возила – вели Александар Гочевски, менаџер за продажба на автобуси во МАН Импортер Македонија.

За високиот квалитет на возилото, големите очекувања од него, како и за

# МОДЕЛОТ R07 ГО ПРОНАЈДЕ СВОЈОТ ПРВ СОПСТВЕНИК ВО МАКЕДОНИЈА – „ЕКСТРА БУС“ ОД КАВАДАРЦИ

Во изминатиов период, на македонскиот пазар, со набавувањето на нов МАН автобус, храбро се издвои кавадаречкиот превозник „Екстра Бус“ што несомнено е показател дека македонските превозници сигурно чекорат и се одлучуваат за нови возила. Огромните придобивки што ги добиваат со одлуката да ги превезуваат своите патници, кои се најважен сегмент за успехот на една компанија, во ново возило, доведува до конечно збогатување на македонскиот пазар со напредни светски трендови.

Компанијата МАН Импортер Македонија, која повеќе од 25 години е ексклузивен увозник на комерцијални возила кај нас од светски познатиот производител MAN Truck&Bus AG од Минхен, годинава тргна во освојувачки поход на македонскиот транспортен пазар со новиот автобус MAN Lion's Coach. Станува збор за технолошки најнапреден новитет во сферата на автобуската индустрија, носител на дизајнерска награда за 2018 година, а неодамна го доби и својот прв сопственик во Македонија – превозната компанија „Екстра Бус“ од Кавадарци. Набавката на ова иновативно возило за туристички превоз на патници беше реализирана во јули годинава, кога веќе надалеку популарниот MAN Lion's Coach беше еден од двата увезени нови автобуси во нашата земја во оваа година.

Во МАН Импортер Македонија не го кријат задоволството што на македонскиот пазар пласираат нови модели на автобуси од гамата на МАН, Неоплан и Отокар кои се одликуваат со одлични перформанси.

– Горди сме на својата посветеност и работа затоа што во Македонија успеавме да го претставиме овој нов модел на автобус MAN Lion's Coach, кој освен кај домашните автобуски превозници, ќе предизвика внимание и кај патувачката популација во земјава.

Кавадаречкиот превозник веќе го користи ексклузивниот и мегапопуларен MAN Lion's Coach R07 за превоз на патници кон своите многубројни туристички дестинации

Овој нов, неверојатен МАН-ов автобус, од моделот R07, за кој евидентно има интерес, се карактеризира со намалена воздушна отпорност во однос на својот претходник за 20 %, со што придонесува да биде најекономичен во конкуренцијата. Цврст, модерен и непогрешлив MAN дизајн, Full LED предни и задни светла, преработени бочни крила, нови, поголеми кровни отвори, а возачката кабина е ергономски оптимизирана со нов инструмент панел. Автобусот располага со нова генерација амортизери што овозможуваат оптимизиран полесен и покомфорен автобус, подобрено управување и поголема безбедност, електронски контролирано моторно сопирање и интелигентни функции за менување брзини што придонесува, новиот еколошки мотор ЕУРО 6Ц да троши исклучително малку. MAN Lion's

самата купопродажба, со воодушевување зборуваат, и во самата компанија и неговиот прв сопственик во нашата земја:

– Главните и неверојатни технички карактеристики што ги нуди овој нов МАН автобус, и неверојатната љубезност, посветеност, професионалност и неприкосновена непогрешливост во својата работа, што ги добив од вработените во МАН Импортер Македонија, ми помогнаа да се одлучам, мојот прв нов автобус да биде од нивната понуда – додава Трајче Панчевски, генерален директор на кавадаречки „ЕкстраБус“ и нагласува дека најновиот ексклузивец во возниот парк на неговата превозна компанија веќе ги покажува сите свои предности и квалитети пред корисниците на услугите на „Екстра Бус“ на патувањата кон многубројни туристички дестинации. **Ј.Б.**



Во јули и август е реализирана сообраќајно-едукативната кампања „Не летај, летувај“ на РСБСП и МВР




# И ЛЕТОВО ПОВЕЌЕ АКТИВНОСТИ ЗА ПОМАЛКУ ЖРТВИ НА НАШИТЕ ПАТИШТА

Целта и на оваа летна сообраќајно-едукативна кампања беше поголема безбедност на патиштата и намалување на бројот на жртвите во сообраќајот, кој постојано расте во периодот на летните одмори

Министерството за внатрешни работи во соработка со Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата, како и други помагатели меѓу кои и АМЕРИТ и Град Скопје, во јули и во август, ја реализираа кампањата „Не летај, летувај“ со цел поголема безбедност и намалување на жртвите во сообраќајот во периодот на летните одмори, кога фреквенцијата на сообраќајот по патиштата драстично се зголемува и кога, за жал, се случуваат голем број сообраќајни несреќи со трагичен епилог. Во рамките на кампањата беа реализирани повеќе ативности и едукативни акции за одговорно учество во сообраќајот, а какви ефекти се постигнати со неа ќе знаеме во септември, кога ќе се обработат податоците за сообраќајните несреќи на патиштата во нашата земја во најударните летни месеци – јули и август.

На граничниот премин Табановце

## И министерот Спасовски подели флаери за безбедно возење

– Сите заедно мора да придонесеме за ред во сообраќајот, да се почитуваат сообраќајните правила и со тоа да се намали бројот на сообраќајни несреќи и на жртви – истакна министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски во изјавата за медиумите на граничниот премин Табановце, од каде што МВР ја започна кампањата „Не летај, летувај“. Притоа, Спасовски на туристите кои влегуваа во Македонија, им подели едукативни флаери, преку кои се апелира за почитување на сообраќајните правила и прописи и за одговорно возење. Флаерите беа испечатени на македонски, англиски и албански јазик. Припадниците на полицијата ги дистрибуираа на граничните премини, а РСБСП на патарините. Спасовски информираше и дека бројките на случени сообраќајни несреќи годинава се на ниво на претходната, со тенденција за намалување на сообраќајните прекршоци, особено во градските средини, поради зголемените контроли кои се воспоставени од МВР. Министерот најави дека во сите градови ќе има зајакнати полициски контроли за поголема безбедност во сообраќајот и апелираше до граѓаните да се однесуваат одговорно, за нивната и за безбедноста на останатите учесници во сообраќајот.



Потенцирајќи дека комбинацијата од превентивни и репресивни мерки дава најдобри резултати кога е во прашање безбедноста во сообраќајот, од РСБСП и МВР како носечки дел од оваа кампања организираа акција за дистрибуција на едукативни материјали на влезните гранични премини во Република Македонија, а беше поставено и искршено возило од сообраќајни незгоди на јавни места со пораки за потсетување на последиците од сообраќајните незгоди. Исто така, беа организирани и мобилни пунктови за делење вода и едукативни материјали долж коридорот 8 и 10, а се преземаа и повеќе сообраќајно-едукативни акции по угостителски објекти и многу други активности со цел подигање на свеста за побезбеден сообраќај по нашите патишта.

Деновите наменети за летен одмор, во Македонија, и во светски рамки се познати како најфатални денови на патиштата кога бројот на сообраќајни незгоди со фатални последици драстично се зголемува. Како одговор на оваа загрижувачка појава и на црната статистика, светските организации секоја година ја реализираат кампањата „100 Deadliest Days of Summer“. Домашната статистика, говори дека во текот на месеците јули и август, во Македонија, минатата година се случиле 39 сообраќајни незгоди во кои загинале вкупно 47 лица, а во 826 сообраќајни незгоди потешко се повредени вкупно 1.333 лица. Тоа е и еден од мотивите токму во овој период, возачите и сите останати учесници во сообраќајот дополнително да се едуцираат за правилата и прописите, односно за начинот безбедно и одговорно да стигнат до посакуваната дестинација.

Ј.Б.

РСБСП со совети за оние што возат сами на подолг пат



# БИДЕТЕ ПОДГОТВЕНИ, ОРГАНИЗИРАНИ, СКОНЦЕНТРИРАНИ И НЕ ГИ ПОТЦЕНУВАЈТЕ ОПАСНОСТИТЕ ВО СООБРАЌАЈОТ!

Иако возачот вози на долга релација и притоа е сам во возилото, негова примарна цел треба да биде безбедно пристигнување на саканата дестинација

Возењето и патувањето на подолги релации со своето возило, за некои возачи е вистинско уживање и доживување, најчесто поради поголемата слобода и комоција, а за други тоа е досадно, напорно и непријатно, па често претпочитаат да имаат друштво кога се на пат. Искуствата на многумина возачи покажуваат дека долгите часови во возилото и фактот што се сами зад воланот, кај нив предизвикува физичка и психичка исцрпеност. Тоа го покажало и едно истражување во САД, според кое, возачите кога се сами во возило прават помалку паузи и одмори за време на патувањето, па и повеќе се изложени на ризик од замор, поспаност, дефокусираност и деконцентрација, а со самото тоа и од предизвикување сообраќајни незгоди. Токму поради тоа, РСБСП подготви совети за возачите како да останат безбедни и кога се повеќе часови сами зад воланот, а воедно упатува апел до возачите – кога патуваат сами да бидат подготвени, организирани, сконцентрирани и посветени на патувањето, да не ги потценуваат ризикот и опасностите во сообраќајот и да запомнат дека нивна примарна цел е безбедно пристигнување на саканата дестинација.

• **Поставете си разумни граници и цел пред патувањето** – Немајте лажна самодоверба и размислувања од типот „можам да возам 12 часа без одмор“ или „можам да возам 800 километри без паузи“. Бидете реални и умерени во поставувањето на целите и очекувањата од патувањето затоа што врвен приоритет е безбедното пристигнување на крајната дестинација.

• **Долготото возење сам во возилото предизвикува физичка и психичка исцрпеност кај возачот** – За да ги задржи фокусираноста и концентрацијата, важно е тој да остане позитивен и да ја искористи можноста да заобиколи или да застане таму каде што најмногу му се допаѓа, да ја слуша омилената музика или радио-станица, да јаде или да одмора кога тој сака. Ако е позитивен и активен, возачот ќе остане сконцентриран, енергичен, ќе чувствува помалку замор и така ќе му даде поголема содржина на своето патување.

• **Планирајте го и организирајте го патувањето** – За планирање и организирање на своето патување имате одлична можност зашто сте сами во возилото. Организирајте се така како што вам најмногу ви одговара, кога сте подготвени, одморени, кога ви се завршени сите обврски (и техничката проверка на возилото), па утврдете распоред на активности и едноставно – следете го!

• **Пред патувањето проверете ја навигацијата** – Проверете GPS или Google Maps, патна карта, и др., утврдете ја маршрутата по која ќе возите и споделете ја со најблиските. Информирајте се за: бензинските станици, хотелите, ресторанитe, овластените сервиси, можностите да побарате помош на пат и идентификувајте ги сите содржини, локации, објекти и знаменитости, кои би можеле да ви бидат од потреба или од интерес да ги посетите.

• **Осигурување** – Бидете сигурни дека сте покриени и осигурани зашто кога патувате сами тоа е дополнителна сигурност која може многу да ви помогне во непријатни и непосакувани ситуации. Информирајте се во детали за осигурувањето и проверете ги документите: возачката, сообраќајнате дозвола, зелениот картон, личната карта или пасошот, банкарската картичка, полномошното и сл.

• **Избегнувајте да патувате навечер и во раните утрински часови** – Почитувајте го биоритамот на вашиот организам и на тој начин ќе бидете повеќе подготвени да патувате сами и да ја одржите способноста и концентрацијата за вешто и безбедно управување на возилото.

• **Користете ја секоја пауза или одмор за да комуницирате преку телефон или на кој било начин со најблиските** – На тој начин, ќе ги информирате за вашата состојба и за текот на патувањето, а воедно ќе ја разбиете монотонијата и ќе ги зачувате свежината и концентрацијата.

• **Консумирајте повеќе течности (вода, овошни сокови, кафе...)** – Приспособе-те го режимот на исхрана на вашите потреби и избегнувајте консумирање на енергетски пијалаци затоа што тие ја одземаат енергијата од организмот, и тоа по само неколку часа.

• **Проверете ги: сетот за прва помош, резервното тркало, мобилниот телефон**

• **Бидете секогаш подготвени и достапни за вашите најблиски.**

Нов милениум нови можности

# ДОЈДЕ ВРЕМЕ ЗА ДИГИТАЛНИ РЕКЛАМИ НА КАМИОНИТЕ

Камионите одамна се патувачки рекламни паноа, но новиот милениум донесе нови, дигитални можности

Изгледа дојде време поинаку да гледаме на камионите бидејќи тие ќе ни испраќаат рекламни пораки „за да не ни биде здодевно додека возиме зад нив". Шегата настрана, камионите отсекогаш биле користени за сопствено рекламирање на превозниците. Но, сега се други времиња и некој се сети дека може да се заработи ако статичните пораки се осовременат и заменат со дигитални рекламни паноа. Идејата, за која мора да признаеме е револуционерна, веќе е имплементирана во Германија на десетина камиони. Искористени се комерцијално достапни компоненти: 4 32-инчни монитори, ГПС-предавател и врска со интернет. Во поглед на содржината, засега не се емитува сè и сешто, иако можностите се практично неограничени и најголеми со користење видеоспотови. Колку и да мислиме дека тоа ќе нè иритира, сепак, сите информации за: бензинските станици, хотели, ресторани, места за одмор, шопинг, знаменитости и друго, кои се пред нас на патот – ќе ни бидат добредојдени.



Компанијата што го води проектот очекува до 2020 година на патиштата да возат околу 1.000 камиони со дигитални рекламни паноа

Irizar ie Truck

# КАМИОН НА ОСНОВА НА АВТОБУС

Некогаш за автобусите се позајмуваа шасии од камионите – Шпанците сега го враќаат долгот

Познатиот шпански производител на автобуси Irizar, изгради нова фабрика во која ќе произведува електрични автобуси, но на нејзиното официјално отворање, на присутните им беше приредено изненадување – им беше покажан електричен камион. Како голема новост во производствената програма на Irizar, но и во светот на комерцијалните возила, овој камион по многу нешта е уникатен. Како прво, тоа е самата изведба која има автобуско потекло, особено кабината со низок под, која не може да ги сокрие својот дизајн и конструкција (метални панели поставени на челична рамка), со голема стаклена врата која се отвора кон внатре. Покажаниот прототип е изведен во 6x2 конфигурација и е наменет пред сè за комуналните служби. Планирано е да се нуди во целосно електрична изведба со литиум-јонски батерии и во верзија со таканаречен range-extender, всушност, мотор со внатрешно согорување, кој ќе работи како генератор и ќе произведува струја за примените кои бараат поголема автономија. Долг е 8 метри, има вкупна тежина од 26 тони и носивост од 18 тони заедно со надградбата. Целосно е сопствен производ на Шпанците, освен CNG range-extender моторот од 330 KS кој го испорачува Iveco. Електромоторот од 230 kW е сместен централно, пред втората оска, а батериите се распослани од двете страни на шасијата и се пакувани во модули од по 75 kWh, така што секој купувач ќе може да си избере пакет кој ќе му овозможи автономија според потребите. Потпирањето е секако, автобуско (воздушно) и може да се приспособува според висината.



Irizar е еден од најголемите европски производители на автобуси и располага со две фабрики во Шпанија и погони во: Мароко, Кина, Бразил, Јужна Африка и Мексико



Производството на Irizar ie Truck ќе започне идната година

Новата фабрика на Irizar која е специјално наменета за електрични возила, има површина од 18.000 метри квадратни и почетен капацитет од 1.000 примероци годишно. Во нејзината изградба се вложени 75 милиона евра.

Ford Trucks



Новиот камион на Ford воопшто не потсетува на досегашните модели на турскиот производител

# НОВ И АТРАКТИВЕН

## Модерен и европски – тоа е новиот камион на Ford

Ford Otosan го претстави потполно новиот камион наменет за европскиот пазар. Оваа компанија која е во заедничка сопственост на Ford и турскиот Koç досега немаше конкурентен производ за натпреварување во првата европска лига. Камионите што ги произведува се развиени во Бразил и се адаптирани според европските норми. Согласно со тоа се одликуваат со изразена робусност, но тука прикажаната завршуваше и тие останаа далеку од префинетиот европски вкус. Новиот камион кој беше претставен треба да ги наследи гените на своите предци, на кои се надградува со европска софистицираност, досега непозната за камионите од онаа страна на Мраморното Море.

Како потполно нов производ, овој камион ќе се нуди со две широчини на кабината. Основната од 2,3 метри ќе биде наменета за изведбите за кратки превози, односно за дистрибуцијата и за градежништвото. Вистинското пакување ќе дојде со поголемата кабина широка 2,5 метри, која има целосно рамен под. Во неа Турците го гледаат својот адут наменет за меѓународните пазари. Обете изведби на кабината имаат воздушно потпирање и ќе можат да се опремат со два кревети и најмодерна сигурносна опрема. За погон ќе бидат задолжени Ford Ecotorq моторите од сопствен развој, кои од своите 12,7 литри и 6 цилиндри ќе извлекуваат од 400 до 480, а кај топ верзиите до 500 KS. На почетокот тие ќе бидат спарени со познатиот и признаен ZF TraXon автоматизиран менувач, кој подоцна ќе биде заменет со сопствен производ. Други детали за овој долголиниски влекач за кој Турците тврдат дека ќе биде исто толку добар како и најновите модели на седумте европски производители на камиони, не се познати. Се очекува половина од производството да биде пласирано во Европа. На неговиот развој, кој траеше пет години, работеа 1.200 инженери, а прототипите поминаа 5 милиони тест-километри во 11 држави на 4 континенти.



Паралелно со новата гама, Ford Trucks планира и широка меѓународна експанзија во 50тина земји

Renault Trucks

# ЕЛЕКТРИЧНА ФЛОТА ОД 3,1 ДО 26 ТОНИ

## Renault Trucks ја најави втората генерација електрични комерцијални возила

Првото електрично возило, Renault Trucks го претстави пред 10 години, по што следуваше долг период исполнет со многу истражувања и тестирања на различни модели. Како резултат на тоа, пред нас е втората генерација електрични комерцијални возила наменети за градска дистрибуција и комунални работи, која ги вклучува доставниот Master и две верзии на Trucks D. Прв на пазарот, веќе во оваа есен, ќе се најде Renault Master Z.E., и тоа во шест различни изведби: четири фургони и две платформи со кабина подготвени за надградби. За погон ќе биде задолжен електромотор со скромни 57 kW и максимален вртежен момент од 225 Nm. Батериите со капацитет од 33 kWh овозможуваат реални 120 km автономија, а максималната брзина му изнесува 100 km/h. Просторот за товар е ист како и кај дизел-верзиите бидејќи батериите се сместени под седиштата.

На електричните камиони ќе почекаме до втората половина од идната година, но кога ќе стигнат ќе бидат предизвик за сите оние за кои се наменети. Помалиот Trucks D Z.E. кој ќе биде достапен со две меѓуоскини растојанија од 4.400 и 5.300 mm, има вкупна тежина од 16 тони и батерии со капацитет од 200 до 300 kWh. На специјален напојувач ќе се наполнат за два часа, а со нив, во зависност од изведбата, може да поминат до 300 km. Силината на моторот е 185 kW со максимален вртежен момент 425 Nm, а преносот е двостепен. Поголемиот Trucks D Wide Z.E. има вкупна тежина од 26 тони и батерии со капацитет од 200 kWh, доволни за 200 km. За неговиот погон се задолжени два од споменатите електромотори што значи дека бројките се двојни – вкупна моќност од 370 kW и максимален вртежен момент од 850 Nm.



Новите електрични комерцијални возила Renault Trucks ќе ги покаже на IAA во Хановер

Audi Q8




Сѐ е веќе видено, но Audi Q8 визуелно значително се одвојува од остатокот на гамата

# SUV КАКО НИКОЈ ДРУГ

Дојде моментот кога BMW X6 и Mercedes GLE Coupe ќе мора да попуштат со својата доминација во купе-кросовер сегментот

Audi го искористи доцнењето во однос на нив и го подготви најнапредниот модел во оваа класа. Како ризница на технологиите новиот Q8 води директно потекло од досегашниот знаменосец на гамата Q7, од кој го разликува емотивниот и поспортски изглед. Демонстрира стил кој на критичарите на дизајн-стандардизацијата не им остава многу муниција. Предниот дел е помасивен, но сепак добро ускладен и му дава поелегантен изглед во однос на Q7. Закосениот заден дел и поголемото меѓуоскино растојание ја издолжуваат силуетата на точно 4 метри и 99 сантиметри. Германците велат дека е попространа од донаторот и конкурентите и дека нуди повисоко ниво на комфор. Во очекувано луксузната внатрешност се забележува влијанието на А8, од каде што се преземени повеќе технолошки решенија. Покрај виртуелниот кокпит со дигитална инструмент-табла се споменуваат и бројните системи за асистенција, но не и оние за автономно возење. Добриот впечаток го дополнува и багажникот, кој од стандардните 605 нараснува на 1.755 литри.

Ваквите возила сепак, не се за превоз на товар и затоа суверените возни својства му се загарантирани. Со обемната употреба на алуминиум, тежината е задржана на прифатливи 2.140 килограми. Новата генерација на напредниот Quattro погон ја распределува силината напред-назад во однос 40:60. Клиренсот од 25 сантиметри



Новиот Audi Q8 ќе се произведува во фабриката на VW групата во Братислава

покажува дека теренските предизвици нема да му бидат туѓи, но Q8 ретко кој од купувачите ќе го вози низ кал или по камења особено не ако се одлучат за опционалните 22-инчни тркала. Во поглед на моторизацијата, тие во почетокот ќе може да избираат меѓу два трилитарски мотори – бензинец со 340 и дизел со 286 коњски сили. Ќе следува најмалку уште една дизел-изведба, но и plug-in модел чии карактеристики засега се завиткани во тајност. Затоа јасно се знае дека хибридниот систем со стартер-генератор од 48 волти ја намалува потрошувачката за просечни 0,7 литри.



При конструирањето се искористени искуствата од Cayenne, Urus и Bentayga, кои ја имаат истата платформа

Електрични шампиони

# ВО КИНА ПОСТОЈАТ 487 ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЕЛЕКТРИЧНИ АВТОМОБИЛИ




На „староседелците“ на пазарот на електрични возила како што се Nissan, Renault или Tesla постојано им се придружуваат нови имиња, но вистинскиот налет на електричните автомобили допрва претстои – од Кина. Имено, според најновите достапни информации таму постојат неверојатни 487 производители на електрични автомобили, или би било поточно ако напишеме „производители“ бидејќи се работи за стартап компании кои сакаат да произведуваат електрични автомобили настанати како резултат на големите државни субвенции. Кина веќе е најголем пазар на електричните возила, но официјален Пекинг сака земјата да стане светски предводник во оваа технологија заради што веќе се поделени 15 милијарди долари субвенции, а дополнителни 47 милијарди се подготвуваат. Резултатот е повеќе од видлив, но сепак, се очекува само 1 % од овие компании да доживеат и навистина да започнат да произведуваат електрични возила.

Brabham BT62

# ЛЕГЕНДАТА СЕ РЕДЕФИНИРА

Заслугата за тоа во целост оди кај синот на тројниот шампион Сер Џек Брабам, Дејвид, кој излезе на автомобилската сцена како нов играч со старо педигре. Адут не му е само духовното наследството што го има туку и ултимативниот BT62. Овој суперавтомобил има каросерија од

Името кое некогаш беше славно – во Формула 1 ќе продолжи да живее

јаглеродни влакна така што тежи само 972 килограми. За погон е избран 5,4 литарски V8 мотор со 710 коњски сили, а за запирање Brembo сопирачки исто од јаглеродни влакна. Од тој материјал се и управувачот и тркалата од 18 инчи со Michelin тркачки пневматици. Пакетот е заокружен со Ohlins амортизери, Holinger 6-степена секвенцијална трансмисија и милионска цена. BT62 не е хомологиран за возење по јавни сообраќајници туку само за тркачки патеки. Од новата компанија Brabham Automotive велат дека ќе направат 70 вакви возила, по што ќе ги разгледаат барањата на купувачите и за легализирана верзија.



Дејвид Брабам сака да види како името што го носи од историјата се враќа во сегашноста на Формула 1 натпреварите

Volvo S60


S60 ќе се произведува во новата фабрика на Volvo во Јужна Каролина, САД

# ДИЗЕЛАШИТЕ ОТПИШАНИ

Новиот Volvo S60 без дизел мотори ќе ги напаѓа Audi A4, Mercedes-Benz C-класа и BMW серија 3

Електрични мотори можеби, но дизели ќе нема - после долготрајното подгревање на јавноста конечно е претставен новиот Volvo S60, кој во третата генерација без никаков респект директно ќе ја напаѓа владејачката во класата германска премиум тројка. Не е прв модел откако Кинезите го купија Volvo, но е прв кој има суштинско значење за владеењето со иднината. Имено, другите модели може носат послатки пари, но се гледа кој ќе има вистинска понуда токму во овој премиум сегмент - останатото е само шлаг на тортата. Втемелен е на SPA платформата, истата која веќе се докажа кај XC60 и S90. Таа гарантира добар коктел на агилност и пространост, што во комбинација со веќе видениот но унапреден дизајн во потполност го носи S60 по веќе докажаната насока на прогрес.

Основната понуда е моделот Volvo S60 T5 FWD Momentum, кој е солидно опремен: ЛЕД светла, панорамски покрив, 18-инчни тркала, двозонски автоматски клима уред, управувач и рачка од менувачот обложени со кожа, предни електрично задвижувани седишта со мемориска функција, алуминиумски инсерти на арматурата, Sensus Connect инфо-забавен систем и сé досега за Volvo споменато од областа на безбедноста. Задвижуван е со дволитарски четирицилиндричен турбо-бензинец со 250 KS и 350 Nm, додека на љубителите на поспортското возење е наменет T6 AWD кој од истиот мотор со комбинација на механички и турбо компресор извлекува 320 KS и 400 Nm. Топ-изведбата е Volvo S60 T8 Twin Engine Plug-In Hybrid eAWD, кај која бензинецот ги задвижува предните, а електромоторот задните тркала. Вкупната нивна сила изнесува 415 KS, со најголем вртежен момент од 640 Nm. Дизели, како што гледате, нема.


Овој модел во САД ќе се нуди по цена од 35.800 долари или со претплата од 775 долари месечно во која се вклучени комплет одржување и дозволени 15.000 милји годишно

Jeep vs. Jeep

# САМ ПРОТИВ СЕБЕ...

...или како Jeep сака со свој камен да мава по туѓа глава



Своевремено, заради популарноста и големата побарувачка на Jeep, американската компанија подели низ светот неколку лиценци за теренецот, меѓу кои и онаа на индиската Mahindra, која од 1954-тата па сé до 2010 година произведуваше повеќе свои верзии од него. Случајно истата година Индијците ги објавија своите планови за настан на пазарот на САД кои пропаднаа заради нивната неподготвеност да се справат со административните пречки и бизнис интересите на партнерите што ги избраа за тоа. Сепак не се откажаа од нив и годинава го претставија моделот Roxor наменет токму за освојување на Американците, за кого и беше изградена и нова фабрика во Мичиген. Овој модел кој води директно потекло од оригиналниот Jeep CJ успеа низ сите децении некои негови делови да задржи практично непроменети. Барем визуелно, што за FCA кој сега е сопственик на Jeep, е проблем кој треба да се решава на суд. Тоа што индискиот клон на нивниот некогашен предок има рустикален 2,5 литарски дизел мотор многу одамна лиценциран од Peugeot со скромни 63 коњски сили и постигнува „неверојатни“ максимални 45 милји на час (72 km/h), додуша електронски ограничени, за Chrysler не се факт кој укажува на тоа колкава конкуренција може да очекуваат од Roxor.


Интересен, барем за нас, е и називот на американската компанија на Mahindra која го произведува Roxor - MANA, што е кратенка од Mahindra Automotive North America

Alieno Arcanum

# АМБИЦИОЗНО, НЕМА ШТО!



Бугарската компанија што ќе го произведува Alieno Arcanum во моментов бара инвеститори, т. е. за 10.000 евра нуди 0,05 % од своите акции

## Автомобилот што доаѓа од Бугарија ќе има 24 електромотори кои ќе го потераат до 488 km/h!

Од Бугарија пристигнуваат вести за супер-суперавтомобил. Наречен е Alieno Arcanum и има ни повеќе, ни помалку туку точно 5.221 коњска сила! Оваа брутална моќност ја испорачуваат 24 електромотори, чиј максимален вртежен момент изнесува 8.880 Nm. Преработени во километри на час, тие ќе го дотераат овој монструозен спортист до бројката 488 на брзинометарот. Податоци за забрзувањето не се дадени, но затоа новоснованата бугарска компанија Alieno за својот прв модел дава уште многу прецизни детали што докажува дека проектот колку и да звучи фантастичен, е добро разработен.

Каросеријата на Arcanum, чие име на латински значи „тајна", е направена од јаглеродни влакна и во долниот дел е засилена со кевлар. Должината му е 5,24, ширината 2,18, а меѓуоскиното растојание 3,1 метар. Предвидени се повеќе верзии кои се разликуваат по бројот на електромотори, означени од RP2 до RP5, при што бројката приближно означува со колку илјади коњски сили располагаат. Секоја од нив ќе има по три модификации: за редовен сообраќај, за затворена патека и за трки, кои ќе се разликуваат и по пакетот батерии. Најиздашниот ќе има капацитет од 180 kWh и ќе обезбеди автономија од преку 1.000 километри. За овој супер-суперавтомобил ќе се развива и супер-супернапојувач на кој ќе му требаат само 4 минути целосно да ги наполни батериите. На слично ниво е и сè друго што е наведено во спецификациите на овој двосед: роботизираното потпирање, тројниот систем за сопирање, опремата во внатрешноста...

Со оглед на сето ова, цената дури е и „пристојна". За основниот RP2 модел се предвидува да изнесува околу 750.000 евра, а за топ-варијантата двојно повеќе. Рокот за испорака се движи од 18 до 30 месеци од датумот на извршената нарачка.



Alieno Arcanum има 24 електромотори со 5.221 коњска сила

MAN Lion's City E




MAN Lion's City E, чие сериско производство ќе започне по две години, ќе има најголем пакет батерии меѓу електричните автобуси

# ПРИСТИГНУВА ВО 2020-ТАТА ГОДИНА

MAN на салонот на комерцијални возила во Хановер ќе ја претстави електричната изведба на новиот градски Lion's City

Електричните автобуси одамна веќе не се новост, но не е така и со оние на кои стои логото на MAN. Иако како концепт беше покажан пред две години на IAA, сепак, на првиот нивен електричен автобус ќе чекаме уште толку, но барем знаеме како ќе изгледа. Базиран е на новиот градски Lion's City претставен на почетокот на годината и ќе биде на располагање во соло и во зглобна изведба, на кои, за разлика од другите производители, MAN им намени различна механика. Така, накратка




12-метарска верзија ќе има литиум-јонски батерии со капацитет од 480 kWh, додека на зглобниот 18-метарски автобус ќе му стојат на располагање дури 640 kWh што е двојно повеќе од вообичаените што се среќаваат. Освен тоа, батериите опремени со интелигентно ладење, кое се адаптира на атмосферските услови, се сместени поблиску до централниот дел на автобусот за подобро да бидат заштитени во случај на евентуален судар. За погон ќе бидат задолжени два електромотори поставени на задната оска кај единечната, односно на втората и третата оска кај зглобната верзија. Нивната најголема силина ќе изнесува 160, односно 270 kW, при што секој мотор ќе става на располагање по 3.000 Nm вртежни моменти. Се очекува автономијата да изнесува околу 200 km, што би требало да биде доволно за целодневна употреба со оглед на тоа што заради намалувањето на вкупните трошоци за инфраструктурата, MAN нема предвидено напојување на нивните батерии на постојките, туку само преку ноќ, во депоата. За тоа со брз напојувач од 150 kW ќе бидат потребни три до четири часа. Првите купувачи веќе се знаат – тоа се градските бус-оператори во: Хамбург, Минхен, Волфсбург и Луксембург.

Во MAN до 2030 година очекуваат, две третини од новите градски автобуси во земјите од Западна Европа да бидат на електричен погон.

CAF го купи Solaris




Со испорачани преку 150 примероци, Solaris е најголемиот европски производител на електрични автобуси

# ШПАНСКО СОНЦЕ ГО ОГРЕА ПОЛСКИОТ SOLARIS

Идната година ќе биде во знакот на Solaris, кој неодамна шпанската компанија Construcciones y Auxiliar de Ferrocarriles (CAF) го презеде за 300 милиони евра. Со тоа, на полскиот производител на автобуси му се отвораат сосема нови пазарни можности бидејќи CAF постои повеќе од сто години и примарно се занимава со урбан железнички превоз, односно трамваи, градски и подземни железници и

Во автобускиот свет се случи голема трансакција

слично. Со купувањето на Solaris кој е еден од поголемите европски производители на градски автобуси, тролејбуси и трамваи, Шпанците ќе станат водечка компанија која нуди комплетни решенија за урбан транспорт.

Solaris е основан во 1996 година како семејна компанија со 36 вработени, која се занимаваше со монтажа и лиценцно производство на градски автобуси на Neoplan. Својот прв сопствен модел го претстави во 1999 година, во 2006-тата година, прв во Европа, претстави хибриден автобус, а електрични автобуси произведува од 2011 година. Solaris во двете свои фабрики вработи околу 2.300 луѓе, а лани испорача рекордни 1.397 возила и имаше промет од 450 милиони евра. Неговите автобуси возат низ 700 градови во 32 земји. Наредниот модел што ќе биде понуден ќе има погон на водород.

Оваа трансакција треба да биде одобрена од европските антимонополски тела.




www.amerit.org.mk

## ГРЦИЈА

# Ограничувања на превозот на стока

### Општи ограничувања

**Возила** Товарни возила со носивост од над 1,5 т

**Забрана** На 10 август, 26 октомври, 21, 24, 28 и 31 декември 2018 и 4 јануари 2019 година од 16:00 до 21:00 часот
На 14 август 2018 година од 16:00 до 23:00 часот
На 11 август, 27 октомври, 22 декември, 29 декември 2018 и 5 јануари 2019 од 8:00 до 13:00 часот

**Област** - Автопатот А8 (Атина – Патра) во насока на Патра помеѓу патарината Елефсина (км 26 + 500) и Рио за патарината (км 199 + 660),
- Автопатот А1 (Атина – Солун – Евзони) во насока на Солун помеѓу крстосницата Агиос Стефанос (Крионери) (км 27 + 960) и клучката Бралос (км 203 + 065), од крстосницата Родица (Ламија) (км 212 + 625) до крстосницата Фтиотидос (км 242 + 479) и од Лариса (км 367 + 319) до крстосницата Лептокарија (км 410 + 359),
- Автопатот Солун – Н. Муданија, во насока на Н. Муданија помеѓу термо-мостот и км 34,
- Автопатот А11 (Шиматри – Халкида) во насока на Халкида помеѓу пресекот со автопатот А1 (км 65 + 820) и мостот Халкида (км 12 + 300),
- Солун – Кавала автопатот во насока на Кавала меѓу км 11 (км 11 + 340) и мостот Стрмона (км 97 + 650),
- Автопатот А5 (Јонски пат) во насока на Јанина помеѓу мостот Шарилаос Трикупус“ (км 0 + 000) и крајот на Јонскиот пат (км 200 + 991),
- Автопатот А7 (Централен Пелопонисос), во насока на Каламата, во насока на Каламата помеѓу Коринтскиот автопат (км 85 + 300) и кружницата Спарти (км 240 + 800) (Каламата периметриски пат),
- Автопатот А71 (Лефктро – Спарта) во насока на Спарта помеѓу автопатот Лефктро (км 0 + 000) и автопатот Спарта (км 45 + 000).

### Исклучоци

Возила кои превезуваат свежо млеко, свежа риба, свежо месо или добиток, како и возила што носат свежо овошје и зеленчук.

**Забрана** На 28 октомври, 26 декември 2018 год. и на 1, 6 и 7 јануари 2019 година од 15:00 до 21:00 часот

**Област** - Автопатот А8 (Атина – Патрас), во насока на Атина во насока на Атина, помеѓу Рио патарината (км 199 + 660) и патарината за Елефсина (км 26 + 500),
- Автопатот А1 (Атина – Солун – Евзони), во насока на Атина, помеѓу крстосницата Лептокарија (км 410 + 359) и Лариса (км 367 + 319) од крстосницата Рати Фтиотидос (км 242 + 479) до крстосницата Родица (Ламија) (км 212 + 625) и помеѓу крстосницата Бралос (км 203 + 065) и крстосницата Агиос Стефанос (Крионери) (км 27 + 960),
- Н. Муданија – Солун автопатот во насока на Солун помеѓу км 34 и мостот Терми,
- Автопатот А11 (Шиматари – Халкида), во насока на Шиматари, помеѓу мостот Халкида (км 12 + 300) и пресекот со автопатот А1 (км 65 + 820),
- Автопатот Кавала – Солун во насока на Солун помеѓу мостот Стримона и км 11 (км 11 + 340),
- Автопатот А5 (Јонски пат), во насока на Антирио, помеѓу крајот на Јонскиот пат (км 200 + 991) и мостот „Шарилаос Трикоупис“ (км 0 + 000),
- Автопатот А7 (Централен Пелопонисос), во правец на Атина, помеѓу Спарта Централната крстосница (км 240 + 800) (Пелиметрискиот пат Каламата) и Коринтскиот автопат (км 85 + 300),
- Автопатот А71 (Лево – Спарти), во насока на Лефктро, помеѓу Спарта автопатот (км 45 + 000) и автопатот Лефктро (км 0 + 000).

### Исклучоци

Возила кои превезуваат свежо млеко, свежа риба, свежо месо или добиток, како и возила што носат свежо овошје и зеленчук.

### Државни празници

| | |
|---|---|
| 1 јануари | Нова година |
| 6 јануари | Водици |
| 19 февруари | Чист понеделник (православен) |
| 25 март | Национален празник |
| 6 април | Велики петок (православен) |
| 8 април | Велигден (православен) |
| 9 април | Велигден (православен) |
| 1 Мај | Ден на трудот |
| 28 мај | Духовден |
| 15 август | Успение |
| 28 октомври | Национален празник |
| 25 декември | Божиќ |
| 26 декември | Ден по Божиќ |

Извор: **OFAE**



## ЧЕШКА

# Ограничувања на превозот на стока

### Постојани ограничувања

**Возила** Камиони и комбинирани возила со MPW од над 7,5 т и камиони и специјални возила со приколки, ако MPW од моторното возило надминува 3,5 т

**Област** Патишта од прва категорија надвор од градилиштата

**Забрана** Од 15 април до 30 септември
Во петоците и во пресрет на државните празници од 15:00 до 21:00 часот,
Во саботите и на првиот ден од серијата државни празници од 7:00 до 11:00 часот,
Во неделите и во последниот ден од серијата државни празници од 15:00 до 21:00 часот.



### Државни празници

| | |
|---|---|
| 1 јануари | Нова година |
| 30 март | Велики петок |
| 2 април | Велигден |
| 1 Мај | Ден на трудот |
| 8 мај | Ден на ослободувањето |
| 5 јули | Пророците Кирил и Метод |
| 6 јули | Годишнина од смртта на Јан Хус |
| 28 септември | Денот на државноста |
| 28 октомври | Национален ден |
| 17 ноември | Ден на слободата и демократијата |
| 24 декември | Бадник |
| 25 декември | Божиќ |
| 26 декември | Свети Стефан |

Извор: **CESMAD**

### Исклучоци

– Возила што се вклучени во комбинираните транспортни операции, од испраќачот до најблиската точка за товарење или од најблиската точка за истоварување до примачот,
– Возила што се користат за основен сезонски земјоделски транспорт,
– Возила што се користат при изградба, одржување или поправка на патиштата,
– Возила што превезуваат лесно расиплива стока, доколку стоките заземаат повеќе од половина од товарот на товарење на возилото,
– Возила кои превезуваат стока,
– Возила кои превезуваат гориво за континуирано работење на бензинските станици,
– Возила што се користат за товарење или истоварување на воздухоплови, бродови или возови до оддалеченост од 100 км,
– Возила што носат поштенски товар,
– Празни возила кои патуваат во врска со која било од транспортните операции спомената во претходните точки,
– Возила кои се неопходни во случај на природна катастрофа,
– Возила што им припаѓаат на оружените сили, полицијата и противпожарната бригада,
– Возила што носат хемиски супстанции кои се подложни на температурна промена или кристализација,
– Возила што се користат за обука на возачи.








## ЕУ – зимско или летно сметање на времето?

Во средината на август заврши големата анкета на Европската Унија, со која ќе се знае што мислат граѓаните за укинувањето на сезонското поместување на стрелките на часовникот, кое меѓу другото, има свои реперкусии и во областа на сообраќајот. Според многу медиуми во земјите на Унијата, извесно е дека сезонското сметање на времето ќе биде укинато, но не се знае кога тоа ќе се случи и дали воопшто ќе се задржи зимското или летното сметање на времето. Всушност, многумина се убедени и сигурни во тоа дека префрлањето од зимско на летно сметање на времето и обратно ќе биде укинато, само, велат, сè уште не е сигурно кога тоа ќе се случи. Според нив, со укинувањето на сезонското сметање на времето, ЕУ може да има само добивка зашто некоординираните промени на времето во ЕУ се штетни како за заедничкиот пазар, така и за патувањата и комуникацијата, а според пратеникот на германските Либерали во Бундестагот, Михаел Тојрер: „Кога секоја нација за себе би одлучила дали сака промена или не, тоа би довело до хаос".



Според претставници на ЕУ, европската онлајн-анкета за евентуално укинување на практиката на поместување на стрелките на часовникот кон напред во текот на летното сметање на времето, предизвикала голем интерес, при што само во првите три дена се регистрирале повеќе од 500.000 лица, а во средината на испитувањето се регистрирани повеќе од милион испитаници. Ова социолошко испитување, кое започна во јули, а траеше до 16 август, ги праша европските граѓани дали претпочитаат укинување на летното сметање на времето и дали преферираат лето или зима за менување на времето.

Врз основа на резултатите и наодите од оваа и од другите анкети, ЕК сака да донесе одлука за предлогот за укинување на летното сметање на времето, при што Европскиот парламент, како и неколку земји членки, ја замолија Комисијата да ја преиспита сегашната практика за поместување на стрелките на часовниците напролет и наесен, и да процени, дали таа треба да биде променета.



# ЦЕНИ НА ГОРИВОТО ЗА НЕДЕЛАТА 33/2018

| ЗЕМЈА | ВАЛУТА | БЕЗОЛОВЕН 95 | БЕЗОЛОВЕН 98 | ДИЗЕЛ |
|---|---|---|---|---|
| Албанија | ALL | 178.00 | - | 178.00 |
| Андора | EUR | 1.200 | 1.290 | 1.050 |
| Аргентина | ARS | 30.700 | - | 30.720 |
| Ерменија | AMD | 470.00 | 490.00 | 460.00 |
| Австрија | EUR | 1.290 | 1.446 | 1.230 |
| Белорусија | EUR | 0.590 | 0.638 | 0.590 |
| Белгија | EUR | 1.517 | 1.603 | 1.543 |
| Б и Х | BAM | 2.31 | 2.41 | 2.32 |
| Бразил | BRL | 4.46 | - | 3.38 |
| Бугарија | BGN | 2.28 | 2.56 | 2.31 |
| Чиле | CLP | 829 | 864 | 594 |
| Хрватска | HRK | 10.27 | 10.85 | 9.81 |
| Чешка | CZK | 33.06 | 33.17 | 31.79 |
| Данска | DKK | 11.49 | 12.18 | 9.79 |
| Естонија | EUR | 1.369 | 1.419 | 1.309 |
| Финска | EUR | 1.527 | 1.614 | 1.363 |
| Франција | EUR | 1.535 | 1.574 | 1.443 |
| Грузија | GEL | 2.42 | 2.53 | 2.42 |
| Германија | EUR | 1.460 | 1.654 | 1.290 |
| Грција | EUR | 1.660 | 1.731 | 1.430 |
| Унгарија | HUF | 399.70 | 414.00 | 401.80 |
| Ирска | EUR | 1.459 | - | 1.339 |
| Италија | EUR | 1.666 | - | 1.539 |
| Јапонија | JPY | 152.10 | 162.90 | 130.80 |
| Казахстан | KZT | 175.90 | - | 165.31 |
| Летонија | EUR | 1.287 | 1.342 | 1.217 |
| Литванија | EUR | 1.244 | 1.335 | 1.124 |
| Луксембург | EUR | 1.278 | 1.332 | 1.119 |
| Македонија | MKD | 71.50 | 73.00 | 62.50 |
| Мексико | MXN | 19.40 | - | 19.25 |
| Молдавија | MDL | 18.97 | 19.64 | 17.00 |
| Црна Гора | EUR | 1.380 | 1.410 | 1.260 |
| Холандија | EUR | 1.784 | 1.864 | 1.454 |
| Норвешка | NOK | 16.88 | 17.87 | 15.75 |
| Перу | EUR | 3.62 | 4.05 | 3.16 |
| Полска | PLN | 5.08 | 5.39 | 4.99 |
| Португалија | EUR | 1.648 | 1.685 | 1.428 |
| Романија | RON | 5.35 | 5.83 | 5.46 |
| Русија | RUB | 45.00 | 52.59 | 45.05 |
| Србија | RSD | 153.20 | 162.90 | 162.90 |
| Словачка | EUR | 1.347 | 1.567 | 1.197 |
| Словенија | EUR | 1.338 | 1.474 | 1.279 |
| Шпанија | EUR | 1.323 | 1.465 | 1.241 |
| Шведска | SEK | 15.91 | 16.51 | 15.81 |
| Швајцарија | CHF | 1.650 | 1.650 | 1.730 |
| Турција | TRY | 6.27 | 6.30 | 5.69 |
| Украина | UAH | 29.40 | 30.57 | 27.20 |
| В. Британија | GBP | 1.297 | 1.408 | 1.324 |
| САД | USD | 0.752 | - | 0.851 |
| Уругвај | UYU | 54.95 | 57.01 | 40.40 |

## КАМИОНИ

### Продавам

**Волво ФЛ**, камионот е на 200.000 км сервисиран, се продава без фургон.
**077/555-030**

**Волво ФХ 12 460**, еуро 3, од 2004 година, регистрирано до јуни 2018 година, во одлична состојба.
**072/266-222**

**Волво ФХ 440**, од 2008 година, регистриран со зелен картон, нови гуми.
**071/345-424**

**Волво ФХ**, во одлична состојба, регистриран, со зелен картон, добри гуми, рачен менувач, поминати 980.000 км, комплетно сервисиран.
**078/727-474**

**ДАФ ЦФ 430**, од 2002 година, регистриран, со нови гуми, кипер-систем. За повеќе информации јавете се.
**071/219-420**



**ДАФ ХФ95**, итно, камионот е во одлична состојба, цена по договор. За подетални информации јавете се.
**077/589-418**

**МАН кипер 361**, исправен.
**070/999-184**

**МАН ТГА 440**, од 2007 година, со поминати 900.000 км, километражата е реална, редовно сервисиран, со инсталирана опрема за кипер (кип-пумпа).
**078/354-969**

**МАН 26 403**, со пратеча, од 1997 година, со ретардер, регистриран, со добри гуми, носивост 14.500 кг, многу добар.
**072/599-556**

**МАН 440 ЕЕВ 22.281**, од 2010 година.
**070/201-008**

**МАН ГТС 41-480** кипер, еуро 5, од 2009 година. Цена по договор.
**070/900-047**

**МАН ТГЛ 8 180**, од 2007 година, со дигалка, кран и сандак долг 5,20 м, нов увоз, сочуван многу, без замени.
**070/304-271**

**МАН соло 12.240**, еуро 4, од 2007 година, со темпомат, клима, автоматик, кабина за спиење, сите шест гуми се нови, сервисиран комплет, регистриран цела година, должина на сандак 7,20 м, носивост 5.600 кг, со лифт-рампа одзади, во топ-состојба.
**070/217-768**



**МАН ТГА 390**, еуро 4, од 2006 година, комплет со приколка Шмитц 33 м3, од 2008 година, со гуми 90 %, пали-вози, со зелен картон, регистрирани цела година.
**078/300-590**

**Мерцедес Актрос**, во топ-состојба, мотор, менувач, диференцијал, епс-менувач со ретардер и европа-диференцијал. Камионот бил со надградба за транспорт на возила.
**078/727-474**

**Мерцедес Атего кипер**, од 2007 година, менувач со шест брзини, спер на диференцијал, на шест федери напред и назад, кука воздух, струја 12/24 волти, хидраулика абс за приколка, многу сочуван, скоро регистриран, нов увоз, вреди да се види.
**070/304-271**

**Мерцедес Актрос 1843** со мега полуприколка.
**070/763-533**

**Мерцедес Бенз 16/19** кипер, во добра состојба. Може замена и со кола.
**072/278-675**

**Мерцедес Атего**, бруто 8.600 кг, сите гуми се 95 %, 235/75Р17.5, должина на сандак 6,2 м, ролетарка е церадата, од декември 2007 година, корозија на шасијата нема, рампата е еден тон, носивост 3.420 кг, одзади е на воздушни јастуци, платено е сè до регистрација. Камионот е на фирма и има можност за поврат на ДДВ.
**078/555-333**

**Мерцедес Атего 8 15**, од 2000 година, регистриран, со нови гуми, клима на федери, долг 6,20 м.
**072/599-556**



**Мерцедес Актрос**, од 2007 година, со поминати 900.000 км, еуро 5, МП2, во добра состојба, цена 10.000 евра и полуприколка Шмитц, од 2006 година, мега 105 м3. Цена 4.800 евра, а може и комплет за 14.000 евра.
**075/664-156**

**Мерцедес Бенз** кипер 16/19, во добра состојба.
**072/278-675**

**Сканија влекач**, од 2003 година, еуро 3, во одлична состојба, со поминати 1.080.000 км и полуприколка Кроне, од 2006 година, во одлична состојба.
**070/333-429**

## АВТОБУСИ

### Продавам

**Ивеко автобус**, туристички, 28 +1 седишта, со две врати, клима. Цена по договор, а можна е и замена.
**071/200-508**

**Високотуристички автобус Неоплан** со 59 седишта, во одлична состојба. Цена 35.000 евра.
**070/546-378, 078/221-492, 078/221-493, 02/3165-367**



## ДЕЛОВИ

### Продавам

**Приколка нисконосечка**, тандем, со 12 гуми, 10 тони носивост.
**070/304-271**

**Шмитц полуприколка**, од 2006 година, во добра состојба.
**075/664-156**

**Полуприколка Кроне**, од 2004 година, регистрирана, клучеви за контејнер, гуми 90 % и Шмитц од 1998 година, на дискови.
**071/345-424**

**Кроне** од 2002 година, термокинг максима, регистрирана, во одлична состојба, Шмитц, од 1998 година.
**070/320-740**

**Полуприколка** во возна состојба, година на производство 2005, добро сочувана и редовно сервисирана, мотор Кариер 1850.
**071/542-660**

**Кипер полуприколки**, со три осовини, тежината на празна полуприколка е 4.750 кг, година на производство 2006 и 2015 год.
**078/354-969**

**Ивеко четириосовинец** за делови. Камионот е комплетен и ги има сите делови, диференцијал, предници, федери, мотор, кабина.
**078/727-474**

## ОГЛАСИ (преку SMS и e-mail)

Испратете го Вашиот ОГЛАС како SMS на:
070 / 40 11 11 и 070 / 40 11 07
или како e-mail на:
bizkontakti@yahoo.com
Внесете го Вашиот телефон или e-mail адреса

Следната година напролет



# ВО ВИЕНА ЌЕ ВОЗАТ ПРВИТЕ АВТОБУСИ БЕЗ ВОЗАЧ

Според првичните најави, јавниот градски превоз во Виена ќе ги добие првите автобуси без возачи, пролетта, во 2019 година, а возењето со нив ќе го надгледува обучен оператор

Австриската метрополa Виена, идната година напролет ќе се нареди меѓу градовите во светот кои се пионери во користењето на возилата без возачи за јавниот превоз. Имено, како што беше соопштено неодамна, во рамките на програмата „Мобилност на иднината", поддржана од австриското Министерство за сообраќај, по тримесечни интензивни подготовки, во Виена се одржа и успешно заврши првото пробно возење на двата градски автобуси без возач. – Автобусите, во присуство на оператор, ги превезоа воодушевените патници на рута од околу два километра, од станицата У-2 до Технолошкиот центар Асперн и назад – соопшти интернет-магазинот Еурокомм. Според првичните најави, новата виенска линија без возачи, своите први редовни патници ќе ги има пролетта во 2019 година, а возењето на оваа линија, каде што ќе има фиксни станици, ќе го надгледува обучен оператор. Инаку, возењето без возач ќе биде бесплатно. – Самоуправувачкиот превоз е голем тренд, којшто има потенцијал да ги промени градовите и да ги направи поодржливи. Како градско претпријатие, ќе бидеме меѓу првите во тоа – истакна Гинтер Стеинбауер, директор на Виенското градско сообраќајно претпријатие. Во последниве години, сè почесто операторите и компаниите од неколку американски, азиски и европски градови започнуваат со примена на возилата без возачи за јавен превоз. Такви возила, во помали размери, веќе добија: Париз, Лион, Лас Вегас и Дубаи, а пробно и некои германски градови. Очекувањата и предвидувањата на експертите се дека овие автономни возила, кои сè уште се во развој, ќе се применуваат во сè поголем број, и тоа како во превозот на патници, така и во транспортот на стоки. **Ј. С .Б.**

## ВИЦОВИ

Боки само што си фатил нова девојка и таа го прашува:

– Боки срце, а ти шо кола возиш?

– Јас што кола возам, аууух, јас ли, маче, веруј има да ти се земе здивот кога ќе се качиш во неа!

– Аииии, стварно, е каква бе?

– Погребална!

* * *

Боки имал сообраќајка и пред операцијата, анестезиологот го прашува:

– Сакаш анестезија која е покриена со твоето здравствено осигурување или приватно?

– Дајте ми од таа што е покриена со осигурувањето!

– Доообро, ајде – нани, нани, наниии ми наниии...

* * *

Соседот на Боки добил ќерка. Пет дена е пијан од мака што не е син. Затоа Ботка му вика на Боки:

– Срце, оди расположи го малку, греота е, направ му два реда муабет! Оди Боки кај соседот и му вели:

– Комшо, а бе не се нервирај. Не земај се толку при срце. Па може и не е твоја, од кај знаеш!?

* * *

Си муабетат двајцата другари, возачите Боки и Коки:

– А бе Коки, ти папучар си?

– Не, зошто?

– Па затоа што переш, пеглаш, миеш садови, пружаш алишта...

– Дома сум си бе, шо сакам ќе праам!

* * *

Која е разликата помеѓу маж и швалер?

– На швалерот можеш секогаш да му се пожалиш од мажот. Ај пробај обратно!

* * *

Докторот го прегледал пациентот возач и му дава терапија:

– Вашата состојба не ми се допаѓа воопшто. Со оглед на тоа дека сте возач, ви препорачувам секогаш кога ќе посакате да се напиете чашка ракија – да изедете едно јаболко!



– Аууу, да јадам триесет јаболка на ден!?

* * *

Возачот Боки ја кандисува жената:

– Ботке срце, ај да пробаме некоја нова поза, а!?

– Нова позааа? Може, ти застани над мијалникот во кујната, а јас ќе се оптегнам на каучот пред телевизорот и ќе гледам „Светско во фудбал". Бива!

TimoCom®

# Генијално ефикасно! Со најголемата во Европа транспортна платформа на TimoCom.



- Најдете го оптималниот утовар за Вашиот тип на возило и со тоа спонтано обезбедете си краткорочни налози.
- Оптимизирајте ја Вашата искористеност преку повторливи транспортни налози од долгорочни деловни партнери.
- Вмрежете се со над 40.000 проверени фирми од цела Европа.

**Сега и до 4 седмици бесплатно тестирање!**

mk.timocom.com